ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:15 – 279/15

Дата: 09.05.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност со цел да даде оценка за:

- ефикасност на мерките/политиките и активностите утврдени во законите/стратешките документи/програмите за остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, во однос на институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и пензионерски домови и клубови;
- да се дадат препораки насочени кон подобрување на квалитетот на живеење на старите лица во јавни установи, дневните центри, пензионерските домови и клубови и
- да даде одговор на прашањето „дали мерките и политики утврдени со законите/стратешките документи/програмите и интерните акти од страна на надлежните институции обезбедуваат подобрување на условите и начинот на сместување, одржување, реконструкција на постојните капацитети и изградба на нови”.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата дава основа да го изразиме следниот заклучок:

Утврдените мерки и политики со законите, стратешките документи, програмите и интерните акти на инволвираните субјекти, прземените активности од страна на надлежните органи, институции и правни субјекти се насочени кон континуирано подобрување на основните предуслови за: обезбедување на подеднаков третман и квалитет на живеењето на старите лица почитувајќи го индивидуален избор за остварување на правото од социјална заштита во РМ, институционално и

вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови; обезбедување на соодветни услови и начин на сместување; вложувања во инвестициони активности за одржување, реконструкција на постојните капацитети и изградба на нови.

Подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица може да се обезбеди со дополнителни мерки и активности за: допрецизирање на законската регулатива во делот на категоризација на старите лица, субјектите и дејноста во зависност од видот на сместување, грижата и заштитата на старите лица; ревизија и прилагодување на стратешките и програмски документи; зголемување на мрежата на институции за згрижување и сместување на старите лица и подобрување на условите за живеење во постоечките; подобрување на моделот на финансирање и планирање на буџетските средства за тековно работење, инвестициони и програмски активности; како и воспоставување на целосен надзор над исполнетост на условите за вршење на дејноста и контрола над работењето.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013, 2014 и тековната 2015 година, но беа земени во предвид и настаните кои се случиле во претходниот период.

Оваа ревизија на успешност беше насочена кон следните области на ревизија:

- Правна рамка, стратешки и програмски документи – законски и подзаконски акти, стратегии и програми кои ја уредуваат социјална заштита на старите лица преку институционално и вонинституционално сместување во јавни установи и дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови;
- Институционална поставеност, капацитети, услови и инвестициона политика/активности - субјектите за сместување на старите лица, кадровска екипираност, сместувачки капацитети и услови за подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица;
- Извори на финансирање на активностите за сместување на старите лица – утврдување на извори на финансирање за остварување на минималните барања за сместување на старите лица и подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица и
- Мониторинг, надзор и контрола – над спроведувањето и примената на законите и другите прописи, над состојбата и условите во домовите за живеење на стари лица и правото за сместување.

Како резултат на извршената ревизија, констатирани се одредени состојби со кои е поткрепено ревизорскиот заклучок, а кои се дадени во продолжение според ризичните области:

**Правната рамка, стратешки и програмски документи**

- Со одредбите на постојната законска регулатива утврдени се слабости во делот на категоризација на старите лица според возраста, категоризација на субјектите во зависност од видот на сместување, грижа и заштита/здравствена заштита и правото на институционалната заштита;
- Нормативно не е уредена дејноста и не е целосно регулирана областа сместување во пензионерските домови и издавање на деловен простор и клубови за дневен престој;
- Нецелосност на стратегијата за стари лица и вршење на ревизија на истата по однос на целосен опфат на субјектите (Фондот за ПИОМ и Здруженијата на пензионери), како клучни институции во управувањето со пензионерските домови и клубови, како и прилагодување на стратегијата на тековните услови во однос на целите со утврдени мерки, носители и средства потребни за финансирање на активности насочени кон зголемување на постојната мрежа на домови за стари лица/пензионерски домови и подобрување на условите во постоечките капацитети;
- Постои отсуство на донесување на програмски документи[1] за развој на социјалната заштита на старите лица на локално ниво и соработка помеѓу општините и надлежните институции. Не се преземени програмски мерки, активности и средства за финансирање на социјалниот развој на регионално ниво кај поголемиот дел од Центрите за развој на планските региони, а МЛС надлежно за координација во спроведувањето програмата за одржлив локален развој не презентираше податоци за напредокот во делот на реализација на поставената специфична цел и индикативни активности за надминување на проблемите со финансирањето, грижата, инвестирањето и др. социјални услуги за старите лица. На овој начин не е овозможено обезбедување на соодветна грижа за старите, како и инвестирање во социјална инфраструктура преку зголемување на бројот на јавни установи и други облици на домови за сместување на стари и изнемоштени лица.

**Институционална поставеност, капацитети, услови и инвестициона политика/активности**

- Капацитетите, условите за живеење и дневен престој кај Јавните установи – домови за стари лица, се воспоставени на начин кој не секогаш обезбедува соодветни и еднакви услови за сместување и живеење на сите корисници во рамките на установите (освен во ЈУ Сју Рајдер Битола). Причините за констатираните состојби најмногу се должат на староста на објектите и потребниот обем на средства за одржливо ниво на финансирање на тековни и

[1] член 11 од Законот за социјалната заштита

инвестициони активности, што влијание на ефикасноста и квалитетот на функционирање на установата и услови за живот кои се на минимум од пропишаните нормативи и стандарди;

- Од аспект на условите за живеење констатиравме дека состојбата во дел од пензионерските домови не се соодветни и не ги задоволуваат во целост елементите за соодветно домување утврдени со Законот за домување, што се должи на старосната структура на објектите и непреземени активности во минатото за подобрување на состојбите и условите во истите што влијае врз квалитетот на живеење на сместените корисници на пензија.

**Извори на финансирање на активностите за сместување на старите лица**

Врз основа на утврдените извори на финансирање за остварување на минималните барања за сместување на старите лица и подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица констатирано е следното:

- Средствата кои се доделуваат на ЈУ – Домови за стари лица по пат на блок дотација не ја одразуваат фактичката состојба, односно реалните трошоци на установата. Исто така отсуството на финансиска поддршка од страна на општините влијае врз висината на остварени финансиски средства и можноста за преземање на позначајни активности за реконструкција и адаптација со цел подобрување на условите за сместување;
- Нивото на обезбедени финансиски средства во Буџетот на Фондот на ПИОМ наменети за пензионерските домови за капитални трошоци и тековно одржување не се доволни поради нецелосно одобрен предлог буџет за овие намени, со што не се задоволени реалните потреби и влијае на условите за живеење на корисниците на пензија.

**Мониторинг, надзор и контрола**

- Констатиравме дека извршениот стручен надзор на спроведувањето и примената на законите не е спроведен во целост од аспект на исполнетоста на условите кои се однесуваат на простор, опрема и стручни кадри за вршење на дејноста, како и забавени активности за надзор над стручната работа на установите и вработените. Наведената состојба има влијание врз условите и нивото на квалитет за сместување и живеење на старите лица;
- Не е воспоставена редовна и целосна контрола на сместувачките капацитети и оствареното право за сместување во пензионерските домови на подрачјето на РМ со кои управува Фондот, како и на работењето со деловните објекти во рамките на пензионерските домови и клубови за дневен престој, што влијае врз можноста од преземање на навремени активности за подобрување на условите и квалитетот за живеење на корисниците на пензија.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон зголемување на ефикасноста и ефективноста на политиките, мерките и активностите за подобрување на квалитетот на живеење на старите лица во јавни установи, дневните центри, пензионерски домови и клубови во делот на:

- дополнување на Законот за социјална заштита во делот на категоризација на старите лица според возраста, облици на сместување, социјалниот ризик на лицата кои бараат сместување и нивото на заштита, како и категоризација на субјектите во зависност од видот на сместување/заштита за старите лица;
- целосно регулирање на дејноста сместување и издавање, функцијата, финансирањето, надзорот и контролата на пензионерските домови, деловниот простор и клубовите за дневен престој;
- ревизија и прилагодување на стратешките и програмски документи во опфатот на облиците, субјектите, мерките, носителите и финансиска поддршка на субјектите, како и воспоставање на дополнителни механизми за подигнување на социјалниот развој во планските региони преку меѓуопштинска соработка и одржлив локален развој, кој ке обезбеди подобрување на квалитетот на живеење на старите лица;
- преземање на активности насочени кон зголемување на сместувачките капацитети со запазување на рамномерна распределеност во Републиката;
- подобрување на условите за сместување на старите лица и обезбедување на домување кое е соодветно на нивните потреби и нивната здравствена состојба и комплетирање на стручниот кадар кај сите јавни установи;
- зголемување на финансиската поддршка за подобрување на условите на постојните капацитети и за инвестициони активности во установите;
- зголемување на инспекцискиот надзор на условите за вршење на дејноста на јавните установи, контрола на работењето на дневните центри и редовен надзор на стручната работа на установите и вработените.

По Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор раководното лице Михаил Василев, претседател на Здружение на пензионери на општините Штип и Карбинци и Драги Аргировски претседател на Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија доставија известување односно мислење, истите се разгледани и констатирано е дека во најголем дел претставуваат одразување на ставот на раководните лица за извршената ревизија и дадените препораки. Забелешката на дадената препорака во делот на „воспоставување начин на распределба на средствата од членарините по здруженија согласно бројот на корисниците на пензија“ **се прифаќа**, а дадена препорака соодветно прилагодена во конечниот извештај.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

### 1.1. Системот на остварување на правата на старите лица

Стареењето на популацијата наметнува голем број квалитативни и квантитативни здравствени, економски и социјални проблеми, а поради промената на структурата на семејството се губи можноста за традиционална семејна грижа во домашни услови. Република Македонија влегува во групата на земји кои демографски се карактеризираат како земја со висок процент на старо население.






Комплексноста на прашањето на стареењето на населението во РМ и влијанието на домот и средината во која живеат врз чувството на сигурност и квалитетот на живеење, создава потреба од услови за квалитетен поединечен живот и живот со популацијата на население која генерациски е приближно на исто ниво, соодветни услови на живеење и вклучување во општествениот живот при тоа почитувајќи го правото на индивидуален избор.

Република Македонија како потписник на Европската социјална повелба, има обврска директно или во соработка со јавните или приватните организации, да донесе или поттикне соодветни мерки кои ќе овозможат постарите лица да останат полноправни членови на општеството, преку ресурси за достоинствен живот, обезбедување на домување соодветно на нивните потреби и здравствената состојба, како и поддршка и услови за живот во институциите.

Социјалната заштита на старите лица е дејност од јавен интерес за остварување на правата од социјална заштита, под услови утврдени со Закон за социјална заштита. Носители на социјалната заштита се Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со овој закон. Системот на социјалната заштита го сочинуваат установите за социјална заштита, институциите, мерките, политиките и активностите за реализирање на правата на старите лица и спречување/надминување на основните социјални ризици по здравјето, старост и стареење и ризици од друг вид на социјална исклученост. Остварувањето на правата од социјалната заштита на старите лица се реализира преку обезбедување на следните облици на заштита:

**Институционалната заштита** како облик на остварувањето на правото за сместување во јавна установа за социјална заштита, а се однесува на старите лица кои не се во состојба да се грижат сами за себе и немаат соодветни услови за живеење во своето семејство, а поради семејна или станбена положба немаат можности да обезбедат заштита на друг начин и
**Вонинституционални облици на заштита** која се организира во вид на давање на помош во домот на старото лице, во установите за сместување на стари лица, дневните центри и клубови во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена, како и организирање на работни, културни, забавни и други активности.

Покрај мерките за социјалната заштита на старите лица, грижата на државата се остварува и преку одредбите на Законот за ПИО со кој е дадено правото на Фондот за ПИОМ да обезбедува времено сместување во пензионерски домови/станови за живеење на корисниците на пензија кои оствариле старосна, семејна и инвалидска пензија, односно немаат сопствен дом или сместување, а сите останати потреби ги задоволуваат самостојно. Интеграцијата на корисниците на пензија во општествениот живот се обезбедува со дневен престој во објектите наменети за клубови за пензионери.

### 1.2. Субјекти вклучени во институционално и вонинституционално сместување на старите лица и сместување на корисниците на пензија во пензионерските домови и клубови

Планирањето, донесувањето и реализацијата на политиките, мерките и конкретните проекти за сместување за старите лица во установи, пензионерски домови, дневни центри и клубови се спроведуваат преку:

- Влада на Република Македонија;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Јавни установи – Домови за стари лица;
- Приватни установи за социјална заштита на стари лица;
- Фонд за пензиското и инвалидското осигурување на РМ;
- Сојузот на здруженија на пензионери и Здруженијата на пензионери;
- Црвен крст на РМ;
- Заводот за социјални дејности;
- Министерство за здравство;
- Министерство за локална самоуправа;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за финансии.

### 1.2.1. Влада на Република Македонија

Мерките, активностите и политиките на државата кои се утврдени со законите, стратешките и програмските документи се насочени кон обезбедување на социјалната заштита на старите лица и соодветно домување.

Владата на Република Македонија во насока на подобрување на квалитетот на животот на старите лица во 2010 година ја усвои Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година и постави стратешки цели за:

- зголемување на капацитетите за институционално сместување на стари лица и нивна усогласеност со нормативите и стандардите, отворање на центри за дневно и привремено прифаќање на стари лица и обезбедување на топол оброк и
- интеграција на старите лица во општествениот живот преку мерки за обезбедување на домување за старите лица и подобрување на инфраструктурата во руралните средини и за активно користење на слободното време.

Носител на активностите за организирање, координирање и контрола на конкретните активности поврзани со стратегијата согласно Одлука на Владата[2], е Национално координативно тело за следење и примена на стратегијата. Клучни институции и фактори одговорни да ја спроведуваат стратегијата се: МТСП и ЗСД за делот од социјалната заштита на старите лица; МТВ во делот на домување на старите лица и подобрувањето на квалитетот на живот; МЛС за меѓуопштинската соработка за подигнување на степенот на социјалниот развој во планските региони и мерката обезбедување на услуги за згрижување на стари лица, согласно со политиките за рамномерен регионален развој, МФ за обезбедување на средства за финансирање и Министерството за здравство, како и ДЗС за собирање на податоците и статистички истражувања. Во Национално координативно тело членуваат и членови од НВО кои работат со лица во трето доба (СЗПМ, Црвен крст на РМ, Здружение„Хуманост"). Ресорните министерства на годишно ниво изготвуваат оперативни планови, а МТСП како претседавач изготвува интегрален годишен оперативен план и Извештај за преземените мерки и активности за спроведување на стратегијата, кој го доставува до Владата на РМ.

**Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008 - 2015** како основен документ во формулирање на демографската политика меѓу другото вклучува и мерки за обезбедување на квалитетен живот за старите луѓе кои живеат во специјализирани институции.

**Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009 - 2019** е насочена кон регионалниот развој во РМ, во чии рамки е вклучено и

[2] Одлука на Владата број 41-813/1 од 28.02.2012 година.

отворање на домови, обезбедување на услуги за згрижување на старите лица во мали општини и рурални средини (сите плански региони).

**Национална програма за усвојување на правото на европската унија** (осма по ред ревизија 2014 – 2016 година) е изготвена од Владата на РМ и останува да биде приоритет и во наредниот период за натамошното унапредување и јакнење на институционалните капацитети за спроведување на европските стандарди. Со програмата се констатирани состојби во делот на подобрување на грижата за старите лица преку отворање на дневни центри на локално ниво и обезбедување поволности, мерки за поттикнување на инвестиции и отворање на домови за стари лица.

**Програмата за работа на Владата на Република Македонија** за периодот 2011 – 2015 година е насочена кон реализација на стратешките определби за достоинствен живот на сите граѓани на Република Македонија преку: отворање на пет регионални Домови за сместување на стари лица со капацитет од 50-100 корисници по пат на јавно приватно партнерство и отворање на четири Дневни центри и клубови за стари и возрасни.

**Годишната програма за остварување на социјалната заштита** ги уредува подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението од социјална помош и заштита, социјалната превенција и средствата за остварување на социјалната заштита. За реализација на оваа програма надлежно е МТСП, а средствата за остварување на програмата се обезбедуваат од Буџетот на РМ. Во рамките на програмите се предвидуваат активности во насока на проширување на мрежата на дневни центри за стари лица и сместувачките капацитети во постоечките објекти.

### 1.2.2. Министерство за труд и социјална политика - МТСП

МТСП како орган на државната управа, е централна институција која врши креирање и развој на политики, стратешко планирање, управување, како и надзор над законитоста и другите прописи во областа на социјалната заштита. Министерот ги пропишува нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита[3] и дневен центар[4]; водење на евиденцијата за корисниците на

[3]Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита за стари лица Службен весник на РМ, бр. 125 од 24.07.2015 година.

[4]Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита - дневен центар за стари и возрасни лица Службен весник на РМ, бр. 113 од 29.07.2014 година.

правата[5] и други општи акти и процедури. Од страна на Министерството се води регистар на установи за социјална заштита. Постапката за остварување на правата од социјална заштита се спроведува по барање на граѓанинот/застапник/старател или по службена должност, преку Центрите за социјална работа.
Мерките, активностите и политиките на МТСП, насочени кон обезбедување на социјалната заштита на старите лица и соодветно домување се утврдени во рамките на стратешки и програмски документи. **Стратешките приоритети на МТСП за 2014-2016** година се идентификувани со приоритетите на Владата на РМ, со кои се предвидува изградба и опремување на регионални домови за стари лица, центри за давање на помош во домашни услови.

**Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година** ја опфаќа постоечката состојба на заштита на старите лица и мерки за развивање и унапредување на формите на институционална заштита и развивање на облиците на вонинституционална заштита. За реализација на Програмата ќе се обезбедат потребните финансиски средства од Буџетот на РМ, општинските буџети и донатори.

Министерството во септември 2015 година има доставено до Владата на РМ, Информација со акциски план за изградба на јавна установа за социјална заштита на стари лица со капацитет за 510 лица на подрачјето на Град Скопје. Изградбата планирано е да се реализира во три фази, од кои првата фаза - планирано е изградба на објект со капацитет од 170 легла.

### 1.2.3. Установи за сместување на стари лица

Установите за сместување на стари лица обезбедуваат сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно забавни, работно-рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги, зависно од потребите, способностите и барањата на корисникот. Установите може да организираат и вонинституционални облици на заштита (давање на помош во домот и дневен престој). За остварување на системот на социјалната заштита во РМ се основаат јавни установи кои ги основа Владата, општината, градот Скопје и општините во градот и приватни установи за социјална заштита основани од домашно/странско правно или физичко лице, врз основа на одобрение од Влада, по претходно мислење од МТСП.

Постојат четири јавни установи за сместување - домови за стари лица кои се под надлежност на ЕЛС и тоа ЈУ Дом за стари лица:„Сју Рајдер" – Битола, „Зафир Сајто" – Куманово, „Киро Крстески-Платник"-Прилеп, а во 2015 година отворен е „ Д-р

[5]Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа Сл. Весник на Р.М, бр.171/11.

Иван Влашки "- Берово. Одделот Мајка Тереза при ЈЗУ Геронтолошки завод 13 Ноември, Скопје е под надлежност на МЗ.

Од 2011 година започнат е процес со кој сите установи регистрирани како трговски друштва, а сместуваат стари лица да се лиценцираат како Приватни установи за социјална заштита на стари лица. Исто така по однос на обезбедување на локации и објекти за оваа намена, од страна на општините има посочено 35 локации и 55 објекти наменети за изградба на приватни домови за стари лица. Со денот на вршење на ревизија врз основа на овие мерки и редовна процедура регистрирани се/основани 17 приватни установи за социјална заштита на стари лица.
Вкупните сместувачки капацитети и бројот на сместени корисници во наведените установи е прикажано со графички приказ:




### 1.2.4. Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на РМ

Работите од надлежност на Фондот се утврдени со Закон за ПИО и се реализираат согласно Буџетот на Фондот, Програмата за работа, Стратегискиот план и интерните акти на Фондот. Согласно Законот[6] домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, за одмор и рекреација и други објекти, што се државна сопственост се дадени на управување на Фондот.

Фондот управува со 14 пензионерски домови, а во рамките на домовите има 61 деловен простор и 9 клубови за дневен престој со 18 деловни простори, лоцирани на централно и локално ниво. Расположливите капацитети за сместување во пензионерски домови изнесуваат 383 станови/соби во кои се сместени 450 корисници на пензија (Прилог 1).

Фондот на ПИОМ е основач на ТД "Борец"- ПИОМ ДОО Битола во чиј состав е Хотел "Битола" кој е наменет за угостителство, одмор и рекреација на

[6] Член 185 од Законот за ПИО („Службен весник на РМ" бр. 98/12, 166/12, 15/13,170/13, 43/14, 44/14, 7/14).

пензионерите. Хотелот располага со 93 соби и капацитет од 130 лица во кои се сместени 22 пензионери кои приватно ги покриваат трошоците за сместување.

Фондот на ПИОМ согласно Законот има донесено интерни акти[7], за начинот и условите за сместувањето во домовите и становите за живеење и нивното работење, како и за управувањето со деловниот простор, додека пак инвестиционите активности се предвидуваат со годишни програми[8].

Во рамките на **Стратегиски план на Фондот за периодот 2014-2016 година** се планираат активности за обезбедување на оптимални услови за живеење во домовите за корисници на пензии, осовременување на условите преку реновирање на дел од пензионерските домови и воведување на софтверска апликација за електронско рангирање и сместување.

### 1.2.5. Здруженија на пензионери и СЗПМ

Здруженијата на пензионери се основани согласно Закон за здруженија и фондации[9] од членови на пензионери, а со акт за основање се регистрирани како правно лице. Една од целите на здруженијата е сместување на станбено загрозени пензионери во станбени единици во домови за сместување и грижа за стари лица како и организирање и отворање на клубови за дневен престој на пензионерите.

Здруженијата на пензионери стопанисуваат со 20 пензионерски дома и во нив се сместуваат корисници на семејна, инвалидска и старосна пензија, независно од возраста и со 43 клубови на пензионери во вид на дневен престој и организирање на работни, културни, забавни и други активности вршат услуги од социјална заштита на старите лица.

Здруженијата на пензионери доброволно се здружени во Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) како асоцијација на 53 здруженија заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија во РМ. Сојузот како еден од чинителите за следење и имплементација на Стратегијата на стари лица, предвидува активности за следење и ангажирање во изградба на пензионерски и старски домови, дневни центри и пензионерски клубови. Сојузот исто така соработува со Фондот на ПИОМ во врска со капацитетите каде се сместени корисниците на пензија.

### 1.2.6. Завод за социјални дејности

Заводот за социјални дејности (Заводот) е установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности, врши обработка на

7 Правилник бр.02-7337/1 од 24.12.2012 година и Правилник бр.02-1332/2 од 05.03.2015 година; Правилник бр.02-687/1 од 22.12.2014 година.

8 Годишни програми за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот на ПИОМ за 2013, 2014 и за 2015 година.

9 Сл. весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010 година

податоците од евиденцијата што ја водат установите за социјална заштита[10], врши надзор над стручната работа и вработените, лиценцирање на стручните работници и слично. Надзор над стручната работа се врши врз основа на Програма за работа на Заводот и по барање на Министерството, а за извршениот надзор составува извештај во кој определува мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

### 1.2.7. Министерство за локална самоуправа и Единици на локална самоуправа

Министерството за локална самоуправа е одговорно за воспоставување, поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка, како и за следење на приоритетите за подигнување на степенот на социјалниот развој во планските региони и мерката обезбедување на услуги за згрижување на стари лица, согласно со политиките за рамномерен регионален развој.

**Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во РМ 2015 – 2020** во рамките на третата приоритетна „оска“ меѓу другото има поставени специфични цели и индикативни активности за надминување на проблемите со: финансирањето на надлежностите на општините за заштитата на старите лица преку длабинска анализа на доволноста на средствата од блок дотациите во областа, воспоставување на партнерства во општините во кои не постојат установи за старите лица, како и инвестирање во социјална инфраструктура преку зголемување на бројот на јавни установи и други облици на домови за сместување.

Единиците на локална самоуправа согласно делегираните надлежности во повеќе области спроведуваат активности и од областа на социјалната заштита на старите лица, а средствата за финансирање се обезбедуваат од буџетот на општината, врз основа на донесена годишна програма.

### 1.2.8. Дневни центри за стари лица

Согласно одредбите од Законот за социјална заштита, дневните центри и клубовите за стари и возрасни лица како установи за вонинституционална заштита вршат услуги во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена, како и организирање на работни, културни, забавни и други активности. За периодот 2011 – 2015 година државата има отворено 12 дневни центри за стари лица од кои 5 се под надлежност на МТСП и тоа: Чашка, Богомила, Самоков, Виница и Бучин; 4 под надлежност ЕЛС: Чешиново Облешево, Вевчани, Тимјаник – Неготино и Илинден. Со Проектот: „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни

[10] Анализа на системот за институционална социјална заштита за стари лица во Република Македонија - за период 2012/2013 година

услови" отворени се 3 дневни центри во Скопје и тоа во: Центар, Чаир и Гази Баба, а со истите управува Црвениот крст на РМ.

## 2. Законска регулатива

Системот на социјална заштита на старите лица и остварување на правото од институционално и вонинституционално сместување на старите лица во јавни установи и дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови се спроведува врз основа на:

- Закон за социјална заштита,
- Закон за семејство,
- Закон за пензиско и инвалидско осигурување (ПИО),
- Закон за здруженија и фондации,
- Закон за домување,
- Закон за локална самоуправа
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа и
- Закон за рамномерен регионален развој.

Од аспект на пренесување на надлежноста од централно на локално ниво системот ги опфаќа Законот за локална самоуправа, Законот за рамномерен регионален развој и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Основниот законски акт со кој се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита е Закон за социјалната заштита[11]. Со законот се регулира основањето и престанокот на установите за социјална заштита (јавни или приватни), согласно нормативите и стандардите утврдени со акт на министерот.

Во Закон за семејство се регулирани обврските на децата за издржување на финансиски немоќни родители. Оваа обврска се зема во предвид и во случај на самостојно живеење и при сместување во установа, ако за тоа се финансиски способни.

Домовите и становите за живеење на корисниците на пензија и објектите наменети за клубови за дневен престој, што се државна сопственост согласно Законот за ПИО[12] дадени се на управување на Фондот на ПИОМ. Фондот со општ акт ги утврдува функцијата и дејноста на домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, како и начинот и условите на нивното работење. Законот предвидува постапката за стекнување со право за користење на стан под закуп во

---

[11] Пречистен текст на Законот за социјалната заштита (Сл.весник на РМ" број 79/09; 36/11; 51/11; 166/12; 15/13 и 79/13).

[12] Сл.весник на РМ бр.98 и 166/12, 15 и 170/13, 43,44,97,113,160 и 188/14, 20/15, 61, 97,129 и 147/15.

домовите за живеење на корисниците на пензија да се спроведува од страна на комисија составена од 5 пет члена, а од 1 јуни 2015 година распределба на станови да се врши со користење на софтверска апликација. Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работата на Фондот согласно член 186 од Законот за ПИО.

Со Законот за здруженија и фондации[13] се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата и сојузите во РМ, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот од јавен интерес.

Видовите на објекти во домувањето, управувањето, како и право од непрофитно домување во станбена единица која ги задоволува стандардите за минимално, односно соодветно домување во сопственост на државата/општината или друга непрофитна организација се уредуваат со Законот за домување[14], кој ги опфаќа и пензионерите над 60 години возраст кои се во социјален ризик, односно немаат стан во сопственост.

Со Законот за локална самоуправа[15] единиците на локална самоуправа се надлежни за вршење на повеќе работи, меѓу кои и социјалната заштита (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување). Согласно законот советот на општината одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[16] установите за социјална заштита под надлежност на општините се финансираат со блок дотации пренесени преку ресорното министерство (МТСП) до ЕЛС, во согласност со критериуми утврдени со Уредба[17] донесена од страна на Владата на РМ.

Законот за рамномерен регионален развој[18] заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на идниот развој за која цел се предвидува донесување на плански документи и тоа донесување на Стратегија за регионалниот развој и Програма за развој на планскиот регион, кои се основа за подготовка на плановите на единиците на локалната самоуправа во сферата на нивниот економски, социјален, урбанистички, еколошки, културен и друг развој.

---

[13] Сл.весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010 година.
[14] Пречистен текст Сл весник на РМ, бр.38 од 21.03.2012 година.
[15] Сл весник на РМ број 5 од 29.01.2002
[16] Сл весник на РМ број 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009 и 47/2011)
[17] Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за ЈУ за социјална заштита – домови за стари лица
[18] Службен весник на РМ" број 63/2007 и 187/2013

# II.ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

## 1. Цели на ревизијата

1.1. Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка на мерките и политики утврдени и преземени од надлежните органи и институции за остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, во однос на институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и пензионерски домови и клубови. Ревизијата на успешност и дадените препораки се насочени кон подобрување на условите и начинот на сместување, одржување, реконструкција на постојните капацитети и изградба на нови објекти.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година на тема „Ефикасност на преземените мерки, политики и активности за остварување на права од социјална заштита на стари лица во РМ, институционално сместување во државни и пензионерски домови и клубови„ со цел:

- да даде оценка на "ефикасност на мерките/политиките и активностите утврдени во законите,стратешките документи,програмите за остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, во однос на институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и пензионерски домови и клубови ";
- да се дадат препораки насочени кон подобрување на квалитетот и квантитетот на живеење на старите лица во јавни установи, дневните центри, пензионерските домови и клубови и

да даде одговор на прашањето „дали мерките и политиките утврдени со законите,стратешките документи,програмите и интерните акти од страна на надлежните институции обезбедуваат подобрување на условите и начинот на сместување, одржување, реконструкција на постојните капацитети и изградба на нови".

1.3. Ревизијата на успешност ги опфати следните области на ревизија:

- Правна рамка, стратешки и програмски документи;
- Институционална поставеност, капацитети, услови и инвестициона политика и активности;
- Извори на финансирање на активностите за сместување на стари лица и
- Мониторинг, надзор и контрола.

## 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени надлежните органи и институции вклучени во креирање на политики и преземање на мерки и активности

како и во остварување на правата на старите лица од институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови.

Ревизијата на успешност ја вршевме кај субјекти по пат на доставување на прашалници, комуникација, анализа на одговорените прашалници, обезбедената документација и со посета на сместувачките капацитети и објекти за стари лица и тоа:

- Министерството за труд и социјална политика;
- ЈУ за стари лица Зафир Сајто Куманово;
- ЈУ за стари лица Киро Крстевски Платник;
- ЈУ за стари лица Сју Рајдер Битола;
- ЈЗУ Геронтолошки завод „13-Ноември - Одделот „Мајка Тереза” – Скопје;
- Јавни установи Меѓуопштински центари за социјална работа за: Центар, Аеродром, Кисела вода, Куманово, Прилеп, Битола и Штип.
- Дневен центар за стари лица Бучин (Крушево);
- Дневен центар за стари лица, Даре Џамбаз – Црвен крст на РМ;
- Фондот за ПИОМ и пензионерските домови во: Аеродром, Авто Команда, Гостивар (стар и нов дом), Куманово; Чаир, Ѓорче Петров, Свети Николе, Виница и Прилеп; 44 деловни простори во рамките на пензионерските домови; 3 клубови за дневен престој: Шуто Оризари, Драчево и Лозово и ТД Борец - Хотел Битола за сместување на пензионери;
- Здруженијата на пензионери: Аеродром, Гази Баба, Шуто Оризари, Гостивар (старосни и семејни и за трудови инвалиди), Неготино, Битола и Штип;
- Сојузот на здруженија на пензионери и Сојуз на здружение на пензионери на Град Скопје.

Ревизијата на успешност ја вршевме и кај субјекти по пат на доставување на прашалници, комуникација, анализа на одговорените прашалници и обезбедената документација од Државниот завод за статистика, Заводот за социјални дејности, Општина Куманово, Општина Штип, Министерство за локална самоуправа, Град Скопје и Здружение на пензионери Кавадарци.

## 3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Оваа ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на економичноста и ефикасноста на преземените мерки, политики и активности за остварување на правата на старите лица во РМ.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија на успешност ќе придонесат за унапредување на мерките, политиките и активностите утврдени во законите, стратешките документи, програмите за остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, во однос на институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови, носење на одлуки од страна на надлежните органи кои имаат одговорност за преземање односно иницирање на корективни, идни дејствија содржани во препораките, произлезени од оваа ревизија на успешност.

3.5. Кај оваа ревизија на успешност го следевме пристапот насочен кон анализа и испитување на законски, подзаконски акти, стратешки документи, програми, проекти, планови, заклучоци, записници, извештаи и други акти во однос на економичноста и ефикасноста на преземените мерки, политики и активности за остварување на правата на старите лица во РМ.

**Ревизорскиот пристап** ја утврдува природата на ревизијата која треба да се направи. Исто така, ревизорскиот пристап ги дефинира потребното знаење, информации и податоци кои треба да се обезбедат и анализираат, како и ревизорските постапки кои треба да се спроведат.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме **техниките** на ревизија на успешност:

- Проучување на законската регулатива предмет на ревизија;
- Проверка на документација;
- Интервјуа/разговори со лица релевантни за темата на ревизијата;
- Истражување со прашалници;
- Анализа на податоци;
- Интернет истражување;
- Физичко набљудување/фотографирање.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 26.08.2015 година до 25.12.2015 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

3.8. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 03.02. 2016 година.

По Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор раководното лице Михаил Василев, претседател на Здружение на пензионери на општините Штип и Карбинци и Драги Аргировски претседател на Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија доставија известување односно мислење, истите се разгледани и констатирано е дека во најголем дел претставуваат одразување на ставот на раководните лица за извршената ревизија и дадените препораки. Забелешката на дадената препорака во делот на „воспоставување начин на распределба на средствата од членарините по здруженија согласно бројот на корисниците на пензија“ **се прифаќа**, а дадена препорака соодветно прилагодена во конечниот извештај.

3.9. Прелиминарните истражувања беа насочени кон повеќе области заради:

- добивање информации и давање оценка на политиките, мерките и активностите утврдени со законите/стратешките документи/програмите и интерните акти од страна на инволвираните субјекти кои обезбедуваат остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови;
- институционална поставеност на субјектите за сместување на старите лица-кадровска екипираност, сместувачки капацитети и услови за подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица и евиденција за истото, зголемување на капацитетите и подобрување на условите за сместување/живеење преку реконструкција и адаптација на постоечките капацитети за сместување на старите лица и изградба на нови објекти;
- оценка на утврдените извори на финансирање на активностите и остварување на минималните барања за сместување на старите лица и подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица;
- оценка на спроведениот надзор и контрола при спроведувањето и примената на законите и другите прописи, работењето на институциите, состојбата и условите во домовите за живеење на стари лица и правото за сместување.

Од утврдените ризици со прелиминарното истражување, произлегоа заклучоци врз основа на кои ревизорскиот тим изготви Ревизорска програма на активности, за обезбедување на доволни и релевантни докази.

Од заклучоците кои произлегоа од прелиминарните истражувања, оценивме за потребно да ја спроведеме ревизијата на успешност со која ќе се постигне подобрување во делот на создавање на услови за зголемување на ефикасноста, ефективноста на политиките, мерките и активностите за подобрување на квалитетот на живеење на старите лица во јавни установи, дневните центри, пензионерски домови и клубови.

# III. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## 1. Правна рамка, стратешки и програмски документи

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата на **Правна рамка, стратешки и програмски документи**, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со целосноста и усогласеноста на постоечката законска/подзаконска регулатива од аспект на категоризацијата на установите и лицата, опфатот, дејноста и надлежностите на субјектите, стратешките и програмски документи, преземените мерки, како и соработката и координацијата помеѓу надлежните институции и субјектите инволвирани во сместување на старите лица.

Во функција на градење на одговори на поставените прашања утврдени се следните состојби:

### 1.1. Правна рамка:

Основната законска регулатива со која е регулирана институционалната и вонинституционалната заштита на старите лица како облици на социјална заштита и го опфаќа правото за сместување во установи и згрижување во дневни центри е Законот за социјална заштита. Од аспект на управувањето со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој е Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Закон за ПИО). Исполнување на стандардите за минимално/соодветно домување во станбени објекти за посебни намени е регулирано со Законот за домување.

Од извршената анализа, добиените сознанија во одговорените прашалници и извршените интервјуа, ревизијата го констатира следново:

1.1.1. Со одредбите на Законот за социјална заштита утврдени се слабости во делот на категоризација на старите лица и на установите во зависност од видот на сместување, грижа и заштита. Имено со законот не е уредено донесување на подзаконски акт за допрецизирање на одредбите од членовите 123- 127 и тоа од аспект на:

- категоризација на старите лица според возраста, нивото на телесна попреченост и пречки во менталниот развој на лицата, како предуслов за остварување на правото да бидат корисници на услугите во домот без да биде нарушен основниот принцип на индивидуалниот избор на старите лица кои се сместени во установата заедно со другите корисници и

- категоризација на установите за стари лица во зависност од видот на сместување, односно висината на примањата на лицата кои бараат сместување, грижа и заштита/здравствена заштита на овие лица.

Потребата од дорегулирање на наведеното се заснова на констатираните состојби во јавните установи - домови за стари лица, во рамките на кои се сместуваат и специфични категории на стари лица (алкохолизам, блага деменција, шизофренија во ремисија и сл.) за кои не се создадени соодветни услови и стручен кадар за третман и заштита на овие категории и е потребно згрижување во други соодветни установи. Наведените состојби влијаат на извршувањето на основната функција на домовите за стари лица и на остварувањето на достоинствен живот на старите лица со популацијата на население која генерациски е приближно на исто ниво.

1.1.2. Со Законот за социјална заштита не е предвидено остварување на правото на институционалната заштита, како облик на социјална заштита на старите лица - пензионирани лица кои немаат сопствен дом или сместување, а сите останати потреби ги задоволува самостојно. Исто така не е регулирана соработката помеѓу надлежните институции за згрижување по службена должност во случај кога лицето кое е сместено во пензионерски дом самостојно не може да се грижи за себе, а нема блиски роднини кои би го згрижиле кое налага соодветна грижа, третман и помош во разрешувањето на животните потешкотии и проблеми. Воспоставениот систем на сместување и заштита на овие лица не обезбедува спречување и надминување на основните социјални ризици по здравјето и ризици на старост и стареење, со што не е остварено начелото на социјална праведност.

За истакнување е и тоа дека со опфатот на правото за сместување во пензионерски домови во овој закон или пак донесување на посебен законски акт би се овозможило и регистрирање на дејност согласно Националната класификација на дејности НКД Рев.2[19] во класата Дејности на социјална заштита - сместување на стари и изнемоштени лица како сместување во останати домови без грижа[20].

1.1.3. Основање/трансформација на приватните установи за социјална заштита се врши по поднесено барање за основање и претходно мислење од МТСП, со одлука на Владата. Со донесените одлуки утврдени се податоци за исполнетоста на условите во однос на потребната опрема, простор, средства и кадри, но не се утврдени видот и обемот на социјалната заштита предвидени со Законот за социјална заштита. Министерот и основачот на приватните

[19] Националната класификација на дејности - НКД Рев.2 од страна на ДЗС и усогласена со Европската класификација на дејности

[20] Класа 87.30 - Дејности на социјална заштита со сместување на стари и изнемоштени лица

установи за социјална заштита немаат склучено управен договор[21] со кој би се уредил начинот на вршење на дејноста и меѓусебните права и обврски, видот и бројот на корисниците, подрачјето на кое се врши дејноста, условите за континуирано и квалитетно вршење на дејноста и други посебни услови. Со оглед на фактот што средствата за работа по основање на установите се обезбедуваат врз основа на склучени договори за користење на услугите со корисниците, врз основа на пазарен принцип со цени кои не секогаш се достапни за сите потенцијални корисници.

1.1.4. Со Законот за ПИО не е уредена дејноста и функцијата на пензионерските домови/клубови за дневен престој, односно не е предвидено истото поблиску да се уреди со Статутот на Фондот за ПИОМ (член 163 точка 8). Имено Фондот согласно одредбите на член 185 од Законот за ПИО врши сместување на корисниците на пензија во пензионерски домови и клубови за дневен престој и нема регистрирано дејност согласно Националната класификација на дејности - НКД Рев.2. Со Законот за социјална заштита овој вид на сместување не е предвиден како облик на социјална заштита, поради што има влијание на спречување и надминување на основните социјални ризици на лицата сместени во пензионерските домови и обезбедување на доволно финансиски средства од државата за овие активности. Исто така со Законот за ПИОМ и интерниот акт на Фондот не е посебно уреден начинот на финансирање на тековните и инвестиционите активности, контрола и надзорот на пензионерските домови, што може да влијае на условите за сместување и преземање на активности за нивно подобрување.

1.1.5. Од страна на Фондот донесен е интерен акт за утврдување на начинот и условите за продажба и давање под закуп на деловен простор со кој управува Фондот но неговото донесување не е уредено со измените на Законот за ПИО. Исто така со законот и наведениот акт не е уредена дејноста, функцијата на деловниот простор во рамките на пензионерските домови и клубови за дневен престој предмет на закуп. Ваквата состојба може да придонесе ненаменско издавање на деловниот простор на правни лица кои би можеле да извршуваат активности кои не се во функција на подобрување на условите за живеење на старите лица.

1.1.6. Надлежноста на Фондот за ПИОМ да управува со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија што се државна сопственост е уредена со Законот за ПИО[22]. Во периодот на стапување во сила на ваквата законска

[21] Член 94 од Закон за социјална заштита

[22] Измени и дополнувања на Закон за пензиското и инвалидското осигурување, (Сл.весник бр.14/95 година член 179 – вон сила) Сл.весник на РМ бр.98/2012, член 185.

одредба (1995 година) со домовите стопанисувале Здруженијата на пензионери кои со текот на годините запишале сопственост (врз основа на градежно-техничката документација), односно право на користење (преку општините) врз дел од домовите на територијата на РМ, а во изминатиот период водени се и спорови помеѓу Фондот и Здруженијата на пензионери околу докажувањето на сопственоста за одредени домови. Ваквата состојба во минатото создала потешкотии на Фондот за реализирање на наведената законска обврска (која што започнува да ја реализира од 2002 година) поради што бројот на пензионерските домови со кои управува Фондот со текот на годините па до денес се менувала. Во текот на 2012 година по заклучок на Владата на РМ[23] формирана е работна група со претставници од Фондот на ПИОМ, Министерство за финансии, МТСП, Агенција за катастар на недвижности и претставник од АДСДП, со задача да се утврди статусот и состојбата на пензионерските домови и клубови за дневен престој на територијата на РМ и да предложи предлог мерки. По утврдување на состојбите изработена е Информација за моменталниот статус и состојбата на пензионерските домови и клубови за дневен престој со предлог мерки-заклучоци и табеларни прегледи за сопственоста. Од презентираните состојби во табеларните прегледи утврдена е разноликост во поглед на сопственичката структура на објектите и земјиштето. Меѓутоа, наведената информација од страна на Фондот на ПИОМ е повлечена, при што до денот на известување од извршената ревизија не се преземени дополнителни активности за разгледување на наведената информација.

Од погоре изнесеното произлегува дека пензионерските домови немаат воедначен имотно-правен статус во поглед на сопственоста (како и домови со незапишани права на сопственост на објектот/земјиштето и различен статус на запишано право на користење на објектите), поради што се јавуваат подвоени надлежности помеѓу Фондот и Здруженијата и ризик од нецелосна примена на надлежноста.

1.1.7. Со постојната законска/подзаконска регулатива не се предвидува воспоставување на регистар на пензионерски домови и клубови за дневен престој кои се под надлежност на Фондот и Здруженијата на пензионери за што истите имаат само интерна евиденција. Државниот завод за статистика и Заводот за социјални дејности имаат воспоставено соработка и обезбедуваат основни податоци од установите кои вршат институционална и вонинституционална заштита на стари лица во РМ (јавни и приватни), и податоци од регистарот на МТСП[24] кои статистички ги обработуваат. Имено

[23] Четириесет и трета седница на Владата на РМ бр.41-242/1 од 07.02.2012 година;
[24] Министерство за труд и социјална политика

надлежните институции не обезбедуваат податоци за пензионерските домови и клубови и старите лица – пензионери со кои управаат Фондот и Здруженијата на пензионери/СЗП[25] од причини што соработка со овие институции не е законски уредена (Законот за социјална заштита). Наведеното укажува дека не е воспоставен целосен систем за евиденција на домови за стари лица/пензионерски домови и клубови за дневен престој, капацитети и број на сместени стари лица на ниво на РМ.

1.1.8. Со Закон за здруженија и фондации се предвидува со Статут здруженијата да ја уредат дејноста (член 18) за реализирање на целите. Здруженијата на пензионери кои се основани согласно наведениот закон немаат еднаков пристап по однос на уредување на дејноста во рамките на статутите кои се однесуваат на дејноста - сместување на старите лица во станбени единици и клубови за пензионерите. Имено дел од Здруженијата на пензионери имаат уредено вршење на дејност од социјална заштита иако не се вклучени со Законот за социјална заштита, а со интерен акт го регулираат начинот, постапката и условите за доделување станови но не и финансирањето и надзорот во пензионерските домови и клубови со кои стопанисуваат. Здруженијата не преземале активности за добивање на статус на организација од јавен интерес[26] иако вршат дејности од јавен интерес, спроведуваат програми и проекти самостојно или во соработка со органите на државната управа/општината, на кој начин здруженијата немаат можност за обезбедување на финансиски средства од државата за реализација на овие активности.

### 1.2. Стратешки документи

Од извршената анализа на планираните активности во наведените стратешки документи, интервјуа, одговорите на прашалникот и обезбедената документација, ревизијата го констатира следново:

- Во насока на идентификување на приоритетните области и задачи за подобрување на квалитетот и квантитетот на живеење на старите лица Владата на РМ во 2010 година ја усвои Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година која бара целосна соработката меѓу министерствата и институциите во системот. Ревизијата констатира дека Фондот на ПИОМ и Здруженијата на пензионери и покрај тоа што се клучни институции во управувањето со пензионерските домови и клубови не се вклучени како институции задолжени во спроведување на стратегијата. Со оперативниот план за 2015 година предвидени се активности за наведените институции без да се изврши

[25] Сојуз на здруженија на пензионери
[26] Член 41 од Закон за здруженија и фондации

прилагодување на стратегијата со поставување како посебна стратешка цел подобрување на сместувањето на корисниците на пензија во пензионерските домови и клубови. Имено Националното координативно тело во функција на обезбедување на планирана ефикасност на Стратегијата врши еднаш годишно оценка на истата и доставува извештај до Владата на РМ, но не и прилагодување на истата на тековните услови, преку ревизија на целите, активностите и начинот на нивна реализација. Потребата од редовна ревизија на стратегијата се наметнува и по однос на настанатите измени во поглед на состојбата на старото население во РМ кое по бројот е зголемен, а се потврдува со презентираните податоци на ДЗС, каде што учеството на старото население над 60 години според процените на населението за 2014 година (состојба 31.12.) изнесува 18,5%[27].




- При подготвување на годишните оперативни (акциони) планови за спроведување на Стратегијата за стари лица се предвидуваат цели/активности, задолжени субјекти, временска рамка, индикатори за следење, очекувани резултати и потребни ресурси, без да бидат во целост утврдени финансиски средства за реализирање на плановите. Наведеното укажува дека не се утврдени средства кои се потребни за секој носител на активностите насочени кон зголемување на постојната мрежа на домови за стари лица/пензионерски домови и подобрување на условите за сместување во истите.
- Спроведувањето на стратегијата, која бара целосна соработка меѓу министерствата и институциите во системот на централно и локално ниво не предвидува соработка за реализација на стратегијата и активностите на сите институции инволвирани во остварување на правата од институционално и вонинституционално сместување за старите лица. Исто така во однос на обврската од воспоставување, поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка за подигнување на степенот на социјалниот развој во планските региони и мерката обезбедување на услуги за згрижување на стари лица од

[27] Извор:ДЗС: Со пописот на населението во 1994 година изнесувало 13%, во 2002 година 15%, според процените на населението за 2008 година (состојба 30.06.) 16,6%

страна на МЛС не се обезбедени сублимирани оперативни планови и известувања за реализација на истите. Потребата од соодветна соработка на релевантните институции се наметнува и по однос на:

- учеството на сместени стари лица во вкупниот број на старо население, кое на ниво на РМ изнесува 0,43%;
- Сместување на стари лица по региони.




Со оглед на ниският процент на институционалното сместување на стари лица во сите региони, постои проблемот на одржливост на регионите во поглед на структура на населението и нивните социјални потреби со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини и се наметнува потреба од сеопфатна анализа за соодветна регионална рамномерност во учеството на сместените лица. Наведеното наметнува потреба од потпишување на меморандуми односно протоколи за соработка, помеѓу сите релевантни страни кое изостанува (освен за дневните центри и НВО), а е предвидено со Стратегијата за стари лица со цел подобрување на квалитетот на живеење на старите лица.

### 1.3. Програмски документи

Од извршената анализа на планираните активности во наведените програмски документи и интервјуа, одговорите на прашалниците и обезбедената документација, ревизијата го констатира следново:

- Од презентираните извештаи за спроведување на оперативни (акциони) планови за спроведување на Стратегијата за стари лица, може да се заклучи дека се

реализирани предвидените активности за проширување на мрежата на дневни центри и изградба на нов Дом за стари лица во Берово, преку обезбедени средства од општината и донации, како и отворање на приватни домови за стари лица преку пакетот на поволности на Владата на РМ. Со обезбедени средства од МЛС и општина Битола извршена е реконструкција на постоечкиот објект на Домот за стари лица во Битола, а со акциониот план на Источниот плански регион планирана е изградба на Дом за стари лица во Кочани. Неоспорувајќи ги активностите кои се преземаат ревизијата констатира дека е потребно преземање на дополнителни активности за зголемување на учеството на сместените лица во вкупниот број на старо население. Утврдената состојба ја наметнува потребата од преземање активности за целосна анализа на состојбата и утврдување на реалната потреба од институционална и вонинституционална заштита и сместување на старите лица на централно и локално ниво особено преку изготвување на програмски документи[28] за спроведување на социјалната заштита на локално ниво и соработка помеѓу општините и надлежните институции во насока кон подобрувањето на квалитетот на животот на старите лица.

- Во рамките на програмите за регионален развој на Центрите за развој на планските региони само кај дел од планските региони се планира вршење анализи на состојбите околу заштитата и утврдување на потребните мерки за подобрување на грижата за стари лица. Во рамките на доделените средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Буџетот на РМ не предвидува финансирање на проекти за унапредување на социјалната заштита и подобрување на условите за живеење на старите лица.
- Исто така од одговорениот прашалник и комуникацијата, констатиравме дека од МЛС кое е надлежно за координација во спроведување и известување за програмата за одржлив локален развој и децентрализација не се презентирани информации за напредокот и недостатоците на политиките за остварување на главната и специфичните цели на програмата. Особено во делот на реализација на поставени специфични цели и индикативни активности за надминување на проблемите со: финансирањето на надлежностите на општините за заштитата на старите лица, преку длабинска анализа на доволноста на средствата од блок дотациите во областа на грижата на старите лица, воспоставување на партнерства поврзани со грижата за старите лица во општините во кои не постојат установи од областа, како и инвестирање во социјална инфраструктура преку зголемување на бројот на јавни установи и други облици на домови за сместување на стари и изнемоштени лица.

Воспоставениот начин на планирање и реализација на активностите, како и синхронизирање и усогласување на процесот на планирање на активностите, со

[28] член 11 од Законот за социјалната заштита

обезбедување на неопходните финансиски средства не овозможува да се остварат поставените цели за намалување на социјалната исклученост на старите лица и подобрување на квалитетот на животот на истите во РМ.

Врз основа на изнесеното за областа, правна рамка, стратешки и програмски документи ревизијата констатира дека со постоечката законска/подзаконската регулатива во целост не се уредени делот на категоризација на старите лица, субјектите и дејноста во зависност од видот на сместување, грижата и заштитата на старите лица. Постои отсуство на програмски документи за развој на социјалната заштита на старите лица на локално ниво и соработка помеѓу општините и надлежните институции со мерки, активности и средства за финансирање на регионално ниво, како и активности за воспоставување на основните социјални услуги за старите лица за одржлив локален развој. На овој начин и покрај преземените мерки и активности на државата постои низок процент на институционалното сместување на стари лица и несоодветна регионална распределеност на ниво на РМ, што има влијание на остварување на правото на социјална заштита на старите лица и обезбедување на домување соодветно на потребите.

2. **Ревизорска област 2 - Институционална поставеност, капацитети, услови и инвестициона политика/активности;**

**Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата на** Институционална поставеност, капацитети, услови и инвестициона политика/активности, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со:

- институционалната поставеност на субјектите за сместување на старите лица - кадровска екипираност, сместувачки капацитети, бројот на сместени корисници, број на барања кои чекаат прием, условите во истите, како и функцијата на деловните објекти во пензионерските домови, клубови и дневни центри,
- преземени мерки за зголемување на капацитетите и подобрување на условите за сместување/живеење преку реконструкција и адаптација на постоечките капацитети и изградба на нови.

Во функција на градење одговори на поставените прашања, утврдени се следните состојби:

### 2.1. Институционална поставеност, капацитети и услови

Ревизијата од аспект на институционална поставеност и капацитети ја утврди структурата на институциите кои вршат сместување на стари лица во однос на

сместени корисници со состојба 30.09.2015 година (како споредбен показател на ниво на РМ), презентирана со следниот графички приказ:




Структурата на презентираните податоци според бројот на сместени корисници бележи зголемено учеството во приватните установи во период по 2011 година, а учеството кај јавните установи во изминатите две години има тенденција на намалување. Учеството на сместените корисници во пензионерските домови во вкупниот број на сместени корисници не бележи промени во последните години.

### 2.1.1. Јавни установи - домови за стари лица:

Врз основа на сублимирање на добиените податоци од одговорените прашалници и извршените анализи утврдивме дека со денот на вршење на ревизијата од вкупните расположливи капацитети за сместување во Јавните установи – домови за стари лица искористени се 83% од истите. Неискористениот дел од капацитетите кој изнесува 17% се должи на несоодветни услови, реновирање и отсуство на потребен кадар во установите. Вкупниот број на лица кои чекаат прием, а ги исполниле условите за сместување во Јавните установи е 131 лице, како резултат на условите и недоволниот број на капацитети за овој вид на институционално сместување. Утврдената состојба е прикажана во следниот графички приказ:



За овој вид на институционално сместување утврдени се мерки, активности и политики во рамките на Законот за социјална заштита и подзаконската регулатива од областа. Нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита се регулирани со посебен Правилник[29], а начинот на водење и содржината на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документација за стручната работа е уредено со друг Правилник[30]. Внатрешната организација и систематизацијата на работните места во Јавните установи е утврдена со Статут и интерен акт, а со посебни интерни акти секоја установа го пропишуваат правото на сместување и прием, како и престанување на право на престој на корисниците на услугите. Ревизијата констатира дека во рамките на интерните акти на Јавните установи не е пропишан начинот на водење на евиденција на поднесените барања за сместување на лицата кои самостојно ги надоместуваат трошоците за престој, што влијае на хронолошко и целосно обезбедување на податоци за вкупниот број на поднесените барања.

Од аспект на исполнетоста на условите кои се однесуваат на простор и опрема (Прилог 2 - фото документација), како и стручен кадар за вршење на дејноста ревизијата го констатира следното:

- Потребите за стручен кадар не се во целост задоволени кај сите јавни установи[31], поради што се јавува недостаток од истиот. Особено најизразена е потребата од следните профили на кадар: геренто домаќинки (негувателки), терапевти, хигиеничари и медицински сестри. Здравствената заштита од страна на лекари, специјалисти и стручни лица за потребите на корисниците во дел од установите (Сју Рајдер, Битола и Одделот Мајка Тереза, Скопје) се обезбедува преку ангажирање на надворешни соработници, а во останатите две (Зафир Сајто, Куманово и Киро Крстевски Платник, Прилеп) подолг период не е реализирано склучување на договор со лекар но се користат услуги од матичен лекар, со што не се задоволуваат потребите за целосна и навремена заштита на старите лица. Во насока на истото ЈУ Зафир Сајто во текот на вршење на ревизијата има отпочнато активности за ангажирање на надворешни соработници за здравствени услуги.

---

[29]Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита за стари лица Службен весник на РМ, бр. 125 од 24.07.2015 година.

[30]Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа Сл. Весник на Р.М, бр.171/11.

[31] Во член 17 од Правилникот, се предвидува во установата во зависност од бројот на корисниците кои таа може да ги смести, да има соодветен број на вработени стручни кадри кои се подетално наведени со членот.

- Условите за живеење и дневен престој во одредени делови на ЈУ Зафир Сајто Куманово не се на задоволително ниво и на начин кој не обезбедува еднакви услови за сместување и живеење на сите корисници. Во периодот на вршење на ревизијата првиот оддел во установата е затворен и е во фаза на реновирање поради несоодветните услови. Во последните три години отпочнати се активности за подобрување на состојбите во дел од капацитетите, меѓутоа одделите кои не се реновирани располагаат со застарена опрема и стари санитарни јазли. Една од причините за ваквата состојба е староста на објектот, како и тоа што подолг период во минатото не се преземени активности за реконструкција, санација и редовно одржување на просториите.
- Условите за сместување во Одделот за стари лица Мајка Тереза, Скопје поради староста на објектот и неможност за инвестирање поради лоцираноста на археолошки локалитет се на минимум од пропишаните нормативи и стандарди и влијае на квалитетот на живеење на старите лица. И покрај тоа за истакнување е дека одделот има воспоставен начин на редовни лекарски контроли, како и продолжена здравствена заштита и грижа на корисници кои врз основа на наодите за утврдената здравствена состојба се испраќаат на привремен или постојан престој согласно дејноста[32] во болничкиот или геријатрискиот оддел во ЈЗУ 13 Ноември. На овој начин се придонесува за подобрување на состојбата на корисниците и на долговечноста на старите лица.
- Условите за живеење во ЈУ Киро Крстевски Платник, Прилеп не се на еднакво задоволително ниво како целина. Во дел од капацитетите (нов дел) каде се сместени претежно лицата кои сами ги покриваат трошоците извршено е реновирање и опремување со што условите се подобрени. Во останатиот дел условите за сместување не се во најдобра состојба и има потреба од обезбедување на соодветни услови и опрема на сместувачките капацитети. Во рамките на домот функционираат целосно реновирана и опремена кујна, амбуланта, физикална терапија за потребите на корисниците.
- Во ЈУ Дом за стари лица „Сју Рајдер"-Битола по извршената реконструкција се создадени подобри услови за сместување на старите лица што претставува позитивен пример на услови и грижа за корисниците, но во одредени сегменти во однос на заедничките простории (трпезарија и дневен престој - чајна кујна) не се во согласност со нормативите и стандардите, меѓутоа поради малиот простор на трпезаријата, истото се надоместува организациски со распоред на времето за давање на оброк на корисниците.

Наведените состојби во однос на постоечките капацитети за згрижување и сместување на старите лица во јавните установи не се доволни и не обезбедуваат

[32] ЈЗУ 13 Ноември согласно дејноста врши геријатриска и палијативна медицина за стари лица со хронично прогресивни, трауматски болести и со деменција, како и пациенти во палијативна и терминална состојба на малигна болест независно од возраста (освен педијатриска популација).

соодветни и еднакви услови за сместување и стручен кадар кои се пропишани со нормативите и стандардите, со исклучок на преземените мерки за зголемување на капацитетите и подобрување на условите за сместување кај дел од истите што влијае на квалитетот на функционирање на установите и условите за животот на старите лица.

2.1.2. **Пензионерски домови со кои управува Фондот**:

2.1.2.1. Од аспект на условите за живеење во пензионерските домови констатиравме дека состојбата во дел од домовите не се соодветни и не ги задоволуваат во целост елементите за соодветно домување утврдени со Законот за домување[33] како што се соодветна приватност и простор, комунална инфраструктура, фактори поврзани со здравјето и сл. Становите најчесто се издаваат празни или со дел на затекната опрема набавена во времето на изградба на домовите, а опремувањето на становите и нивното внатрешно одржување го вршат самите корисници.

Врз основа на извршениот увид во пензионерските домови го констатиравме следното (Прилог 3 -фото документација):

- Пензионерскиот дом во Свети Николе се наоѓа во лоша состојба и услови за живеење кои не ги задоволуваат во целост основните стандарди за живеење, а во изминатиот период Фондот нема вложени средства за нивно реновирање. Имено корисниците се сместени во мали соби без сопствени санитарни јазли со стари прозори и под, поради што условите за живот на лицата се отежнати.
- Во пензионерските домови во Гостивар (постар дом) и Куманово условите во станбените единици не се на задоволително ниво, од причина што не преземени доволни и соодветни активности од страна на Фондот за создавање поповолни услови за живот на корисниците. Исто така, условите во становите во пензионерскиот дом во Виница, не се на завидно ниво бидејќи не се реновирани, така што прозорите, подот и санитарни јазли се стари. Домот е во сопственост на Фондот, кој од вкупно 6 соби управува само со 3 во кои се сместени корисници на пензија, а со просториите во рамките на домот и останатите три соби стопанисува Здружението на пензионери Виница. Во изминатиот период (2011-2015 година) Фондот во два наврати има доставено писмени известувања до Здружението за комплетно предавање на домот, на кои не е добиен повратен одговор, а до периодот на вршење на ревизијата просториите во домот не му се предадени на целосно стопанисување на Фондот.
- Како домови со подобри услови за живеење можат да се издвојат четирите пензионерски домови на подрачјето на Скопје, поновиот пензионерски дом во

[33] Член 8 од Закон за домување (Сл.весник на РМ бр. 99/09, 57/10, 98/10, 127/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13)

Гостивар и становите за корисниците на пензија во Прилеп, но сепак постојат активности кои треба да се преземат за нивно целокупно подобрување. Исто како и кај останатите домови така и кај овие домови не се реновирани и стари се санитарните јазли (освен во дел од становите во Аеродром) и прозорите во становите (со исклучок на домот во Ѓорче Петров и во поголем број во домот во Аеродром каде се реновирани). Во пензионерскиот дом во Ѓорче Петров, како неопходна се јавува потребата од санација на кровната конструкција.

- Пензионерските домови генерално имаат стара и дотраена водоводна и канализациона мрежа и електрична мрежа која не е променета/реконструирана од периодот на изградба на домовите.

Наведените состојби во однос на пензионерските домови се должат на фактот што објектите се градени во седумдесеттите и осумдесеттите години од минатиот век, а долг период не биле преземени активности (тековни и инвестициони) за подобрување на состојбите и условите во истите што влијае на севкупниот квалитет на живеење на корисниците.

2.1.2.2. Од аспект на поднесените барања за сместување во пензионерските домови ревизијата утврди дека вкупниот број на лица кои чекаат прием на ранг листата, а ги исполниле условите согласно пропишаните критериуми во интерниот акт на Фондот изнесува 70 лица, (кумулативен збир од тековната и минати години) поради недоволниот број на капацитети за овој вид на сместување. Овој број на лица ја искажува состојбата заклучно со септември 2015 година и е од променлив карактер, а процентуално искажано изнесува 20% во однос на вкупните капацитети.

Врз основа на наведеното може да констатираме дека постоечките капацитети не секогаш ги задоволуваат потребите за сместување, кои најизразени се на подрачјето на Градот Скопје.

2.1.2.3. Сместувањето во пензионерските домови во периодот од 2013 - март 2015 година се врши врз основа на критериуми утврдени со интерен акт[34] на Фондот за начинот и условите за стекнување со право за доделување на станбен простор под закуп од 2012 година. Постапката за стекнување на право за сместување се спроведувала од Комисии формирани во филијалите на Фондот каде што има пензионерски домови.

Од извршениот увид во 94 досиеја (од вкупно 339) на сместени корисници, ревизијата го утврди следното:

- Критериумот за стекнување на право за сместување според кој барателот не

[34] Правилник за начинот и условите за стекнување со право за доделување на станбен простор под закуп во домовите за живеење на корисници на пензија со кои управува Фондот за ПИОМ бр.02-7337/1 од 24.12.2012 година

треба да поседува имот на свое име и на име на сопружникот, најмалку 5 години до денот на поднесување на барањето не може да се потврди во целост, бидејќи доставените документи (потврда за не запишано право на сопственост и уверение за неевидентиран даночен обврзник и сл.) ја презентираат само моменталната состојба но не ја потврдуваат состојбата за претходните 5 години. Документот Уверение за историски преглед - движење на имот, кој се бара да биде доставен, во поголем дел од досиејата го нема во прилог бидејќи се издава само доколку лицето поседува имот (или по барање за одредена катастарска парцела) но не и за целокупното движење на имотот.

- Исто така утврдивме дека има отстапувања и од критериумот со кој се бара барателот да припаѓа во категоријата на пензионери со ниски примања (кои повисоко се рангираат) каде што во поединечни случаи во домовите се сместени корисници кои остваруваат повисоки пензии без притоа да чекаат соодветен период за сместување. Согласно одредбите од склучените договори за сместување корисниците не поднесуваат потврда за психофизичката состојба на годишно ниво.
- Утврдивме дека во пензионерските домови (Чаир, Свети Николе и во Гостивар-постар дом) сместени се вкупно четири лица кои се социјални случаи (корисници на социјална помош). Поради тоа што лицата не се корисници на пензија Фондот нема склучено договори со истите за регулирање на престојот, а истите се затекнати во становите од периодот на преземање на домовите во управување. Овие лица и покрај тоа што немаат склучено договор со Фондот сепак ги надоместуваат трошоците за сместување, а истите не се иселени поради тоа што се ранлива категорија (освен за еден случај за кој е донесена судска пресуда за иселување).

Наведените состојби се должат на невоспоставените контроли при сместување и влијаат на остварување на подеднакво право за сместување на корисниците на пензија во пензионерски дом.

Со настанатите измени во одредбите на Законот за ПИО од март 2015 година и нивното инкорпорирање во новиот интерен акт се предвидува одлучувањето за сместување во домовите да се врши од страна на Комисија со користење на софтверска апликација за електронска распределба на станови. Со изборот на корисниците по пат на електронско бодување и рангирање на поднесените барања и објавување на ранг листата на веб страната на Фондот се намалува можноста од субјективизам во одлучувањето при сместување. Исто така за докажување на критериумите за поседување имот во последните 5 години, комисијата записнички има констатирано дека барателите треба да доставуваат изјава заверена на нотар со цел да се оствари поголема правна заштита за задоволување на наведениот критериум.

2.1.2.4. Од извршената посета и увид во сместувачките капацитети на Хотел "Битола", наменет за пензионери утврдивме дека хотелот е во исклучително лоша состојба, бидејќи во изминатиот период не се преземени активности за негово реновирање пред се поради одлуките за негова продажба. Имено, од приложената документација ревизијата констатира дека од 2010 година започнати се активности за продажба на хотелот и деловниот простор во истиот врз основа на заклучок на Влада и Акционен план за активностите за продажба донесен од Фондот на ПИОМ. Во периодот 02.2012-03.2014 година просториите на објектот се користат за привремено сместување на корисниците на ЈОУ Дом за стари лица "Сју Рајдер" Битола[35], а по истекот на овој период постапката со продажба на објектот е продолжена врз основа на Одлука за продажба донесена на седница на Влада[36], но до периодот на вршење на ревизијата истиот не е продаден.

Во хотелот се сместени пензионери, но истиот отсекогаш работел комбинирано т.е. во него се сместувале и комерцијални лица заради искористување на капацитетите и покрај тоа што е основан и наменет за сместување на пензионерите. Објектот располага со голем број на сместувачки капацитети меѓутоа поради несоодветните услови и одлуките за продажба на истиот намалена е можноста за сместување на стари лица од овој регион.

### 2.1.3. Деловен простор во рамките на пензионерски домови, со кои управува Фондот за ПИОМ:

Со Законот за продажба и давање под закуп на деловните простории на РМ[37] и донесениот Правилник[38] од страна на Фондот се предвидуваат елементите кои треба да ги содржи огласот за издавање на деловниот простор под закуп, меѓу кои и назначување на приоритетната дејност/дејност која не може да се врши во објектот предмет на закуп, без јасно прецизирање за кои дејности станува збор.

[35] Заклучок на Влада на РМ од триесет и петта седница одржана на 20.12.2011 година за поништување на постапката за продажба и Заклучок на Влада на РМ од триесет и деветтата седница одржана на 17.01.2012 година и од сто и четириесетата седница од 11.06.2013 г. во кои се задолжува Фондот да склучи договор за закуп со ЈОУ Дом за стари лица Сју Рајдер Битола.

[36] Одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на ПИОМ бр.42-2939/1 од 24.03.2015 година;

[37] Со Законот за продажба и давање под закуп на деловни простории на РМ (Сл.весник бр.13/13,69/13,27/14,178/14 и 180/14) утврдени се условите, начинот и постапката за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории над кои права, должности и одговорности во поглед на користењето и располагањето има РМ.

[38] Правилник за начинот и условите за продажба и давање под закуп или трајно користење на деловен простор на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (Сл.весник бр 67/03, 54/2011, 149/2011, 2/2013)

Ревизијата со увид на постапките за доделување на деловниот простор во пензионерските домови (Аеродром, Автокоманда, Ѓорче Петров, стариот и новиот дом во Гостивар и Пензионерскиот дом во Куманово) констатира дека во огласите за издавање не се назначува дејноста која треба да обавува и истите во изминатиот период претежно се издаваат под закуп за разни намени, а помал дел е даден на користење на Здруженијата на пензионери. Имено при издавањето на деловните простори во пензионерските домови не се води грижа дали дејноста на истите е во насока на подобрување на квалитетот на живеење на корисниците на пензија.

Во прилог даден е приказ на намената на издадените деловни објекти во рамките на пензионерските домови:




### 2.1.4. Клубови за дневен престој со кои управува Фондот за ПИОМ:

Од спроведените интервјуа со одговорните лица во Фондот и извршениот увид во објектите (Клуб за дневен престој Шуто Оризари, Драчево, Куманово и Лозово) добивме сознание дека помал дел од деловниот простор на клубовите е даден на користење на Здруженијата на пензионери, додека поголемиот дел е даден под закуп на приватни правни субјекти кои го користат просторот за друга намена. Ваквиот начин на стопанисување со Клубовите за дневен престој создава ризик истите во целост да не ја извршуваат дејноста како клубови за дневен престој на пензионери преку кој би се овозможило: организирано минување на слободното време на пензионерите и подобрување на квалитетот на нивното живеење, туку истите да се издаваат под закуп и користат за друга намена прикажано со графички приказ:




Од аспект на намената на деловниот простор во пензионерските домови и клубовите за дневен престој на пензионери и извршениот увид даден е прилог со Прилог 4 - фото документација.

### 2.1.5. Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица

Вонинституционална заштита на старите лица е утврдена согласно одредбите од Законот за социјална заштита, со кој е предвидено вршење на услуги во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена, како и организирање на работни, културни, забавни и други активности.

Со извршената анализа на законската регулатива, обезбедената документација и извршениот увид на Дневните центри констатирано е следното :

- Вонинституционална заштита во РМ се остварува преку 12 Дневни центри и клубови за дневен престој, меѓутоа во поголем број од градовите со голем процент на старо население не е организиран ваков облик на социјална заштита. Во насока на надминување на ваквата состојба со заклучок на Влада на РМ (106 седница од септември 2015 година) се задолжува МТСП да изготви информација и акциски план за изградба на дневни центри за стари лица на територијата на РМ (Битола Штип, Струмица, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес и Охрид) со инволвирање на ЕЛС за обезбедување на просторни капацитети. МТСП согласно Акцискиот план има преземено почетни активности со предвидени финансиски средства за реализација за градовите Штип, Битола и Прилеп за кој се уште не е обезбеден објект од страна на општината.
- **Дневен центар за стари лица,** - „Даре Џабаз " Општина Центар: Проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови" претставува социјален сервис преку кој се развиени и унапредени вонинституционални форми за заштита на лицата во трето доба. Проектот се реализира со трипартитен договор помеѓу МТСП, Градот Скопје и Црвен крст на Град Скопје. На овој начин од страна на Градот Скопје е направен првиот чекор кон развивање форми на вонинституционална заштита и обезбедување грижа и здравствена заштита на стари и изнемоштени лица. Во дневниот центар се

извршуваат активности поврзани со организирање едукации на теми корисни за старите лица, игри и работилници што претставува позитивен пример за вонинституционална заштита на старите лица. Исто така воспоставена е и грижа на 60 изнемоштени стари лица кои живеат сами и пружање на медицински и социјални услуги во домашни услови.

- **Дневен центар и клуб за стари и возрасни лица во населено место Бучин – Општина Крушево:** Дневниот центар и клуб за стари и возрасни лица во Бучин кој е основан и под надлежност на ЈУ МЦСР Крушево има склучен меморандум[39] за соработка со Општина Крушево. При посета на дневниот центар и извршено интервју со лицата во Центарот констатирано е дека се задоволени нормативите и стандардите од аспект на простор и опрема, а во однос на кадарот ангажирани се волонтери и потребата од социјален работник се покрива со кадар од ЦСР Крушево. Иако согласно законските одредби овој вид на установи треба да пружат услуга за обезбедување на топол оброк на старите и возрасни лица, ваква услуга се уште не се извршува. Овој Дневен центар и клуб за дневен престој, повеќе функционира како клуб за дневен престој за потребите на месното население отколку како центар за стари и возрасни лица каде првенствено правото на дневно згрижување би се обезбедила на оваа категорија на корисници. Поради нецелосно прецизирање на законската регулатива за пружање на услуги на корисниците во делот на исхраната и реално не се создадени услови за организирање на овој вид на заштита, согласно потребите на старите лица.

Од аспект на вонинституционална заштита на старите лица и посетата на Дневните центри за стари лица даден е приказ со (Прилог 5 - фото документација).

### 2.1.6. Пензионерски домови и клубови со кои управуваат Здруженијата на пензионери:

Здруженијата на пензионери на ниво на РМ управуваат со 20 пензионерски домови и 43 клубови за дневен престој. Цените на услугите се регулирани со Одлука на здруженијата. Ревизијата обезбеди податоци во врска со бројот на сместувачките капацитети и сместените корисници на пензионери. При што е утврдена состојбата на капацитетите и корисниците која е презентирана со следниот графички приказ:

[39] Меморандум за соработка бр.10-4999од 08.07 2011 година




Врз основа на извршениот увид на објектите, одговорените прашалници и обезбедената документација за пензионерските домови во Неготино, Кавадарци, Битола и Штип го констатиравме следното:

- Домот во Неготино е во сопственост на општината но во тек се активности за пренос на сопственоста на здружението кое е пропратено со одредени потешкотии поради слаба соработка со општината. Од аспект на условите за живеење не ги задоволуваат во целост основните стандарди за живеење.
- Земјиштето на домот во Кавадарци е во општинска сопственост кое е дадено на трајно користење на Здружението на пензионери. Градежниот објект е изграден со средства на здружението и е во нивна сопственост, меѓутоа не е направено никакво реновирање во сместувачките капацитети, а дел од корисниците со сопствени средства си ги подобриле условите.
- Во Битола и Штип правото на сопственост на недвижниот имот на објектот е пренесено на здруженијата и истите се многу стари објекти но со релативно добри услови за живеење во однос на опременоста на становите како и хигиената во влезните простории.

Ваквите состојби во пензионерските домови се должат на нерешената сопственост на недвижниот имот и старосната структура на објектите кај кои подолг период не се превземени потребни активности за тековно и инвестиционо одржување поради недоволен обем на финансиски средства и има влијание на условите за сместување во истите.

## 2.2. Инвестициона политика/активности

Во рамките на подобласта која ги третира прашањата на инвестициона политика и активности, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со: преземените мерки од страна на надлежните органи за зголемување на капацитетите и подобрување на условите за сместување/живеење преку реконструкција и адаптација на постоечките капацитети за сместување на старите лица.

По обработка и анализа на добиените податоци за инвестиционите активности, како и со извршениот теренски увид на капацитетите ревизијата го констатира следното:

### 2.2.1. **Јавни установи - Домови за стари лица**

- ЈУ Дом за стари лица Зафир Сајто Куманово во периодот од 2013 до септември 2015 година согласно планираните активности има извршено проширување, реконструкција и адаптација на дел од сместувачките капацитети и вложени средства во износ од 5.035 илјади денари, а за дел од капацитетите кои се во исклучително лоша состојба планирано е реновирање поради што истите се ставени вон функција. Сместувачките капацитети кај кои подолг период не е извршена реконструкција и соодветна адаптација, поради староста на објектот не се во согласност со пропишаните нормативи и стандарди.
- Одделот Мајка Тереза е објект од времен карактер, поради неговата лоцираност на локалитетот Скупи и староста на објектот (1964 година) без можност за негово реновирање, со услови за живот кои не ги исполнуваат пропишаните нормативи и стандарди. Во текот на годините наназад, со одобрување на финансиска поддршка од МТСП, дел од објектите повремено се санирани, а дел од капацитетите каде не се задоволени ни минимални стандарди за престој, последните години се затворени и не се врши прием на нови корисници, поради што не може да се одговори на потребите на барателите. За решавање на истото во 2015 година испратена е ургенција до надлежните органи за итна дислокација на Одделот, но до денот на известување од извршената ревизија не е донесена одлука за негово дислоцирање и обезбедување на квалитетен престој на корисниците.
- Во период 2012 -2014 година извршена е реконструкција на ЈУ Дом за стари лица Сју Рајдер, Битола со средства (850.000ЕУР), кои според податоците од извештајот за спроведување на стратегијата за стари лица се обезбедени од МЛС, преку ИПА 2 фондовите (672.000 ЕУР) и од Општина Битола (178.000 ЕУР). Домот во овој период е комплетно реконструиран во делот на станбените единици, со што се создадени подобри услови за сместување на старите лица и зголемени се сместувачките капацитети, што треба да биде пример за останатите ЈУ/ЕЛС во однос на преземање на мерки и обезбедување на средства за реконструкција на постоечките домови за стари лица. На установата со Одлука на Советот на Општина Битола во 2015 година и е даден на трајно користење објектот но за наведената инвестиција не е обезбедена документација со утврдена вредност со што и не е воспоставена соодветна евиденција во деловните книги на установата, а за земјиштето на кое се наоѓа објектот не е доставено барање до општината за регулирање на правото на користење од страна на Советот на Општина Битола. Меѓутоа во текот на ревизијата, установата достави барање до Општина Битола за обезбедување на

финансиска документација за објектот и склучување на Договор за регулирање на начинот на користење на објектот. Исто така доставено е и барање за отстапување на трајно користење на земјиштето на кое се наоѓа објектот на установата.

### 2.2.2. Фонд на ПИОМ

- Врз основа на одобрените средства во буџетот, Управниот одбор на Фондот на годишно ниво носи Програма за реконструкција и адаптација на деловните објекти[40], со која се планираат средства и активности за инвестиции во пензионерските домови. Изборот на пензионерските домови за реконструкција и адаптација при изготвување на Програмата се врши врз основа на согледувања за состојбите во домовите но без конкретно дефинирани критериуми при изборот и анализи за условите во сите домови со кои стопанисува. Во периодот 2013-2015 година вкупниот износ на потрошени средства за инвестициони активности изнесува 16.855 илјади денари, а инвестирањето по домови е презентирано во следниот графички приказ:




Врз основа на графичкиот приказ може да се забележи дека во последните три години инвестиционите активности во најголем дел се извршени во пензионерските домови во градот Скопје што според добиените образложенија пред се должи на големината на сместувачките капацитети и бројот на пензионери кои бараат сметсување. Ограничените ресурси за инвестиционо вложување од една страна и потребата од инвестиции и во останатите пензионерски домови на подрачјето на РМ од друга страна влијае да не се обезбедени приближно еднакви услови за квалитетно живеење на лицата.

[40] Програма за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот на ПИОМ за 2013, како и поединечно за 2014 и за 2015 година.

Меѓутоа, значајно е за истакнување дека и покрај ограничените средства за инвестиции, преземените активности во наведениот период се значајни за подобрување на условите за живеење, а врз основа на извршениот увид во домовите и по укажување на ревизијата со Програмата за тековно и инвестиционо одржување на објектите на Фондот за 2016 година опфатени се пензионерските домови во Свети Николе и Гостивар (стар дом) каде што условите се значително лоши, како и домот Ѓорче Петров во Скопје.

2.2.3. **Здруженија на пензионери**

Од аспект на пензионерските домови со кој управуваат здруженијата, а врз основа на добиените податоци, констатиравме дека се градени во седумдесеттите и осумдесеттите од минатиот век за кои во изминатиот период има вложувања за инвестициони активности. Меѓутоа поради староста на објектите инвестиционите вложувања се недоволни и условите за сместување во објектите не се на задоволително ниво и постои потреба за дополнителни вложувања за подобрување на севкупниот квалитет на живеење на корисниците. Посебно се за истакнување отпочнатите инвестициони активности во 2014 година за изградба на нов пензионерски дом од страна на Здружението во Штип со сместувачки капацитет од 90 соби. Планираните средства за изградба во износ од 29.000 илјади денари се обезбедени од сопствени средства на здружението.

Врз основа на изнесеното за областа институционална поставеност, капацитети, услови и инвестициона политика/активности, ревизијата констатира дека постоечките капацитети и преземените активности не обезбедуваат соодветни и еднакви услови за сместување, како и недоволен кадар, кои имаат влијание на квалитетот на живот и заштита на старите лица, освен во делот на преземените мерки и активности за подобрување на состојбите.

## 3. Извори на финансирање на активностите за сместување на старите лица

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата на финансирање на активностите за сместување на старите лица, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со: изворот и начинот на финансирање, расположливите средства за покривање на трошоците за сместување на старите лица во јавни установи, пензионерски домови и клубови и дневни центри.

3.1.1. **Јавни установи - Домови за стари лица**

Финансирањето на активностите на јавните установи за социјална заштита – домови за стари лица со Законот за финансирање на единиците на локалната

самоуправа[41] е предвидено да се врши преку блок дотација од МТСП до локалната самоуправа, како и од самофинансирачки активности. Со Законот за социјална заштита и Статутот на установите утврдени се и други извори на финансирање (буџетот на општината, подароци и легати, вршење на вонинституционална и друга дејност).

Обезбедувањето на средства за финансирање на Одделот Мајка Тереза се врши врз основа на наплата на фактурираниот износ, согласно договорот за обавување на дејноста за згрижување на стари лица, склучен со МТСП и рефундирање на трошоците за плата по доставување на пресметка за постојниот број на вработени. Во продолжение даден е износот на реализирани средства од блок дотации/ МТСП и од самофинансирачки активности за периодот 2013-2015 година:

| Година | **ЈУ "Сју Рајдер" Битола** | | **ЈУ "Киро Крстевски-Платник" Прилеп** | | **ЈУ "Зафир Сајто" Куманово** | | **Оддел "Мајка Тереза" Скопје** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Блок дотации | самофинансирање | Блок дотации | самофинансирање | Блок дотации | самофинансирање | МТСП-по договор | самофинансирање |
| 2013 | 13.959 | 11.331 | 12.740 | 13.247 | 9.751 | 21.100 | 8.487 | 8.418 |
| 2014 | 14.276 | 14.531 | 12.197 | 14.254 | 10.693 | 19.613 | 10.990 | 8.970 |
| 30.09.2015 | 10.616 | 11.982 | 9.759 | 10.038 | 6.092 | 16.277 | 9.674 | 6.753 |
| **Вкупно:** | **38.851** | **37.844** | **34.696** | **37.539** | **26.536** | **56.990** | **29.151** | **24.141** |

Од аспект на начинот и висината на средствата за финансирање на активностите на јавните установи – домови за стари лица, ревизијата го констатира следното:

- Воспоставениот начин на финансирање на јавни установи – домови за стари лица е врз основа на методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации од Буџетот на РМ, која се носи годишно со Уредба[42]. Согласно утврдената методологијата како критериуми за распределбата на блок дотации во период 2013-2015 година се опфатени:
  - основна сума по корисник за сместување,
  - бројот на сместени лица (само за корисници на социјална услуга) и
  - број на вработени во установата.

Ревизијата констатира дека и покрај тоа што со Законот за социјална заштита[43] е утврдено со средствата кои се обезбедени од Буџетот на РМ да се финансира и

[41] Член 8 и 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа Сл весник на РМ број 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009,47/2011 и 192/2015)
[42] Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за ЈУ за социјална заштита – домови за стари лица
[43] Член 217 точка 3 од Закон за социјална заштита.

тековно одржување, изградба и опремување на објектите за социјална заштита овие трошоци не се предвидени како критериуми за распределбата на блок дотациите. Ревизијата констатира дека со Уредбите кои биле носени до 2011 година се предвидуваат трошоците за тековно и капитално одржување, а од 2012-2016 година во рамките на Уредбите не се утврдени овие трошоци како еден од критериумите за распределбата на блок дотациите.

Исто така и цените кои се наплаќаат од корисниците кои приватно се сместуваат во установите не вклучуваат средства за инвестициони активности во установата, поради отсуство на методологија и критериуми за формирање на цени од страна на општината. Имено општините согласно наведениот закон исто така со средствата утврдени во буџетите имаат обврска да го финансираат и тековното одржување, изградба и опремување на објектите за социјална заштита.

Наведеното има влијание врз висината на остварени финансиски средства на установите и на можноста за преземање на активности за подобрување на условите за сместување на старите лица и можноста за позначајни инвестициони активности во установата.

- За уредување на начинот на давање на услугите и финансирањето на установата согласно одредбите на Законот за социјална заштита[44] предвидено е склучување на посебен договор помеѓу општината и јавната установа за социјална заштита. Ревизија констатира дека ЈУ “Зафир Сајто” Куманово и ЈУ “Сју Рајдер” Битола, немаат склучен ваков договор со основачот што влијае врз тоа да не се регулирани во целост меѓусебните односи од наведениот аспект, меѓутоа во текот на ревизијата од страна на ЈУ “Сју Рајдер” Битола доставено е барање за обновување на договорот со општина Битола.
- Цените на услугите за сместување во домот за стари лица Киро Крстевски Платник кои се утврдуваат во зависност од здравствената состојба на корисникот и условите за сместување од 2005 година не се изменети и покрај тоа што трошоците за работење на установата се зголемени. Ревизијата констатира дека во периодот 2007 - 2015 година дел од вработените во установата (21 вработен) кои примаат плата од сметката на самофинансирачки активности со добиена согласност од општината за нивно вработување не се земаат во вкупниот број на вработени во установата како критериум при пресметката на блок дотациите, поради тоа што не е обезбедена согласност од страна на МФ и покрај доставените барања од страна на установата преку МТСП. Ваквата состојба има влијае врз висината на остварени финансиски средства по овој основ и на работење на установата во целина.
- Одделот Мајка Тереза, обезбедува средства врз основа на наплата на фактурираниот износ, согласно договорот за обавување на дејноста за згрижување на стари лица склучен со МТСП и рефундирање на трошоците за

44 Член 265 од Закон за социјална заштита.

плата по доставување на пресметка за постојниот број на вработени. Планираните и реализираните буџетски средства во 2013, 2014 и досегашниот период 31.09.2015 година не се доволни и постои недостиг од средства кои се однесуваат за тековно работење на Одделот, а се покриваат од заедничката сметка на Заводот[45], што налага преземање на активности за корекција на цената за сместување и редовна наплата на фактурите од Центрите за социјална работа. Покрај средствата добиени согласно договорот, услугите се финансираат и од корисниците по пат на склучување на приватен договор за сместување.

- Средствата обезбедени од блок дотации за Јавната установа “Зафир Сајто” во изминатиот период се пониски од реалните потреби. Причина за ваквата состојба во изминатиот период е бројот на лица кои се ангажирани по пат на привремени вработувања/договори за дело (поради недостаток на кадар кој е значаен), а не влегува при пресметката на блок дотациите. Во текот на 2015 година на дел од овие лица работниот однос им е трансформиран во редовен, а останатите чекаат трансформација според однапред утврдена динамика што во иднина треба да влијае врз зголемување на износот на блок дотацијата.

### 3.1.2. **Фонд на ПИОМ**

Изворите на средства за финансирање на активностите на Фондот се обезбедуваат од плаќање на придонесот од платата на работниците, од основиците на осигурување, од дивиденди на акции и добивка од удели, приходи од камати, од Буџетот на РМ, од продажба на имотот на Фондот, дел од износот на платената акциза на минерални масла и други извори на приходи определени со Законот за ПИО. Средствата можат да се користат само за намени утврдени со закон меѓу кои и за трошоци за работа на органот на Фондот за извршување на управните, административните, финансиските, техничките и другите работи за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување преку Стручната служба на Фондот. Имено Стручната служба која меѓу другото ги врши и работите во врска со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите за клубови за дневен престој и други објекти, со предлог буџетот ги предвидува средствата за капитални трошоци за адаптација и реконструкција на домовите и тоа: за 2013 и 2015 година поединечно по 30.000 илјади денари годишно, за 2014 година износ од 35.000 илјади денари, а средствата за тековно одржување на домовите не ги планира посебно туку се вклучени во збирниот износ од соодветните ставки на ниво на Фонд. Ревизијата врз основа на извршените анализи констатира дека финансиски средства одобрени со Буџет на Фондот, наменети за капитални трошоци (реконструкција и адаптација) се минимални средства кои за 2013 и 2015 година поединечно претставуваат 19%, а за 2014 година 16% од предложените

[45] ЈЗУ Геренталошки завод 13[ти] Ноември Скопје.

средства за таа намена. Во продолжение следи табеларен приказ на потрошените средства:

000 денари

| година | инвестициони активности | опрема | тековно одржување | други трошоци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 5.694 | 284 | 1.228 | 1.182 | **8.104** |
| 2014 | 5.473 | | 1.466 | 1.036 | **7.975** |
| до 30.09.2015 | 5.688 | | 1.227 | 290 | **7.205** |
| Вкупно | **16.855** | **284** | **3.921** | **2.508** | **23.568** |

Утврдените состојби укажуваат дека постои висок ризик средствата обезбедени за пензионерските домови со кои управува Фондот да не се базираат на реалните потреби за реализирање на мерки за инвестициони активности и тековно одржување на истите, што доведува до состојби одредени пензионерски домови да се во поповолна положба од други, а на таков начин и создавање на нееднакви услови за живеење на корисниците на пензија во пензионерските домови на подрачјето на РМ.

### 3.1.3. **Дневните центри/клубови за стари лица**

Финансирањето на активностите на дневните центри/клубови за стари лица како посебни организациони единици на Центрите за социјална работа се врши преку буџетот на МТСП. Центрите за социјална работа како единка корисник на буџетот на МТСП распределбата на средствата ја вршат во зависност од обемот на дневниот центар, бројот на корисници и специфичните потреби за функционирање на дневниот центар. Реализираните буџетски средства во 2013, 2014 и заклучно со септември 2015 година се наменети за реконструкција и адаптација, опремување на просториите, за покривање на трошоците за струја и телефон и исплата на надоместок за волонтери.

Средствата кои МТСП ги планирало во наведениот период претставуваат средства потребни за отворање и отпочнување на работа на центрите и тоа:

000 денари

| Дневни центри | 2013 година | | 2014 година | | 2015 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано |
| Тимјаник Неготино | 0 | 0 | 5 | 1 | 55 | 23 |
| Чашка Велес | 562 | 562 | 529 | 518 | 395 | 389 |
| Богомила Велес | 115 | 104 | 114 | 97 | 65 | 58 |
| Бучин Крушево | 214 | 207 | 242 | 231 | 293 | 181 |
| Вкупно | 891 | 873 | 890 | 847 | 808 | 651 |

Врз основа на горе изнесеното констатиравме дека со финансиска поддршка на дневните центри не е опфатено финансирање на активности кои се однесуваат на исхрана и др. активности за старите лица предвидени со Законот за социјална заштита.

Финансирањето на проектот: „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови" за периодот од 2013 - 2015 година од страна на Град Скопје на годишно ниво е во износ од 4.000 илјади денари, со што е овозможено реализирање на планираните тековни активности и теренски посети во домашни услови во рамките на центрите и посета на старите лица во нивните домови од страна на волонтери на Црвениот крст на РМ. Исто така Домот за стари лица „Киро Крстески- Платник, Прилеп и општината Прилеп го реализираат проектот „Супер Марио", со кој се обезбедени социјални услуги на семејствата на 100 стари лица и изнемоштени лица на возраст над 65 години преку директна поддршка со основните животни продукти и одржување на хигиена во нивните домови. За имплементација на планираните активности, домот учествува со обука на волонтери за однесување со старите лица и начинот на давањето на услугите, а финансиски проектот е подржан и реализиран од страна на општината, со што се обезбедува подобрување на квалитетот на животот на старите лица.

Врз основа на изнесеното за областа финансирање на активностите за сместување ревизијата констатира дека нивото на обезбедени финансиски средства доделени на јавните установи за стари лица по пат на блок дотации, незначителното учество на финансиска поддршка од страна на одредени општини и обезбедените средства од буџетот на Фондот за ПИОМ наменети за пензионерските домови со кои управува Фондот не ја одразуваат фактичката потреба на трошоци на установата/домовите, што влијае врз можноста за позначајни активности за реконструкција и адаптација со цел подобрување на условите за сместување.

## 4. Мониторинг, надзор и контрола

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата на мониторинг, надзор и контрола, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со: надзорот над спроведувањето и примената на законите и другите прописи и работењето на институциите, како и контрола над состојбата и условите, како и над правото за сместување на старите лица во јавни установи, пензионерски домови и клубови и дневни центри.

#### 4.1.1. Јавни установи– домови за стари лица

Надзор над работењето и стручната работа на јавните установи– домови за стари лица согласно одредбите на Законот за социјална заштита[46] е утврдено да се врши од страна на надлежните институции (МТСП и Заводот за социјални дејности) со годишна програма.

Од аспект на надзорот и контролите над работењето на јавните установи – домови за стари лица ревизијата го констатира следното:

- Во периодот од 2013 -2015 година МТСП има спроведено редовен/вонреден инспекциски надзор во сите Јавни установи – домови за стари лица во поглед на спроведувањето и примената на законите и документацијата на корисниците и правото на сместување на стари лица. По спроведениот надзор од МТСП доставени се записници до установите во рамките на кои се дадени наоди за утврдената фактичка состојба. Ревизијата констатира дека надзорот во ЈУ Зафир Сајто Куманово и ЈУ “Киро Крстевски-Платник” не е спроведен во целост од аспект на исполнетоста на условите кои се однесуваат на простор, опрема и стручни кадри за вршење на дејноста. Отсуството на надзорот од наведениот аспект, а со оглед на староста на објектите има влијание врз условите и нивото на квалитет за сместување и живеење на старите лица.
- Заводот за социјални дејности има реализирано надзор над стручната работа на установите и на вработените во четирите јавни установи за стари лица во 2010 година, а во следниот период не е реализиран надзор се до 2015 година, кога е опфатена - ЈУ Зафир Зајто – Куманово и во ЈУ „Сју Рајдер" – Битола како дел од надзор спроведен од МТСП. Оваа состојба е резултат на тоа што Заводот презема континуирано активности (започнувајки од 2011 година) околу лиценцирањето на сите приватни установи. Преземањето на активности во наредниот период за вршење на редовен надзор ќе влијае на преземање на мерки за унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во остварувањето на функциите на установите.

Ревизијата истакнува дека во 2014 година е извршена редовна посета на Јавните установи од страна на Народниот правобранител од аспект на заштита на лицата со фокус на материјалните услови во кои се сместени, соодветната здравствена грижа како и социјалната заштита за хумано и достоинствено постапување со старите лица, согласно одредбите на Законот за народниот правобранител, за што се изготвени записници/извештаи со препораки за надминување на констатираните состојби.

[46] член 229, член 236, член 247 и член 248 од Закон за социјална заштита (Сл. весник на РМ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 187/13).

### 4.1.2. **Фонд на ПИОМ**

Надзорот над работењето и законитоста на работата на Фондот согласно одредбите на Законот за ПИО[47], е уредено да се врши од страна на Министерството за труд и социјална политика, но во изминатиот период не е извршен надзор по наведениот основ. Од аспект на управувањето, надзорот и контрола над истите од страна на Фондот на ПИОМ, ревизијата го констатира следното:

- Во рамките на интерен акт[48] е уредено со домовите и становите Фондот да управува преку ангажирани лица- управители и тоа за пензионерските домови на подрачјето на Град Скопје, додека пак со домовите кои се наоѓаат во другите градови во РМ да раководи Раководителот на Филијалата или Деловницата во тој град. Меѓутоа ревизијата констатира дека во целост не се уредени задолженија, динамика на надзор и известување по тој основ, поради што наведените лица не поднесуваат писмени извештаи/информации за состојбите во пензионерските домови.

  Во рамките на годишните планови за работа на надлежните служби во Фондот во периодот од 2013 – 2015 година не се планирани активности за надзор на пензионерските домови, но и покрај тоа во 2014 година остварени се работни посети од страна на назначени лица во четирите пензионерски домови во градот Скопје од аспект на начинот на користење/одржување на станбените единици од страна на корисниците, по што се изготвени поединечни извештаи со констатирани состојби. Од аспект на оствареното право за сместување/доделување на станбен простор под закуп на корисници на пензија во пензионерските домови Прилеп и Чаир извршени се две планирани ревизии од страна на внатрешната ревизија на Фондот во 2014 година. За останатите девет пензионерски домови не постои доказ од извршен надзор, а по извршениот увид во дел од пензионерските домови ревизијата констатира дека во одредени станови заедно со корисниците на пензија живеат и членови на нивните семејства и покрај тоа што склучените договори гласат на едно лице.
- Во периодот од 2013 – 2015 година Фондот нема извршено надзор над состојбата, условите за работа во рамките на деловните простори лоциран во пензионерските домови и клубови за дневен престој на пензионери со кои управува Фондот.

Наведените состојби имаат влијание врз можноста од преземање на навремени активности за подобрување на условите и квалитетот за живеење на корисниците на пензија и начинот на издавање на деловниот простор.

---

[47] член 186 од Закон за ПИО.

[48] Правилник за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува Фондот, функцијата и дејноста на овие објекти како и начинот и условите за нивното работење бр.02-1332/2 од 05.03.2015 година.

Врз основа на изнесеното за областа, мониторинг, надзор и контрола ревизијата констатира дека стручниот надзор на спроведувањето и примената на законите не е спроведен во целост и не се преземени навремени активности за надзор над стручната работа во јавните установи, како и отсуство на активности за редовен и целосен надзор во пензионерските домови и клубови за дневен престој со кои управува Фондот на ПИОМ. Наведените состојби имаат влијание на ефикасно остварување на надлежностите на институциите и подобрување на условите за живеење на старите лица.

## IV. ЗАКЛУЧОК

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, дава основа да го изразиме следниот заклучок:
Утврдените мерки и политики со законите, стратешките документи, програмите и интерните акти на инволвираните субјекти, преземените активности од страна на надлежните органи, институции и правни субјекти се насочени кон континуирано подобрување на основните предуслови за: обезбедување на подеднаков третман и квалитет на живеењето на старите лица почитувајќи го индивидуален избор за остварување на правото од социјална заштита во РМ, институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови; обезбедување на соодветни услови и начин на сместување; вложувања во инвестициони активности за одржување, реконструкција на постојните капацитети и изградба на нови.

Подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица може да се обезбеди со дополнителни мерки и активности за: допрецизирање на законската регулатива во делот на категоризација на старите лица, субјектите и дејноста во зависност од видот на сместување, грижата и заштитата на старите лица; ревизија и прилагодување на стратешките и програмски документи; зголемување на мрежата на институции за згрижување и сместување на старите лица и подобрување на условите за живеење во постоечките; подобрување на моделот на финансирање и планирање на буџетските средства за тековно работење, инвестициони и програмски активности; како и воспоставување на целосен надзор над исполнетост на условите за вршење на дејноста и контрола над работењето.

## V. ПРЕПОРАКИ

Во насока за надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон подобрување на политиките за остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри и сместување во пензионерски домови и клубови за дневен престој, со посебен акцент на мерките/активностите за обезбедување на квалитетен живот на старите лица преку обезбедување на доволно капацитети и подобрување на условите за сместување вклучително и интеграција на старите лица во општествениот живот, а се однесуваат на МТСП, Фондот за ПИОМ и СЗП и Здруженија на пензионери, кои ги дадовме во продолжение:

**Министерството за труд и социјална политика:**

1. Надлежните органи во МТСП да преземат мерки и активности за:
   - Преиспитување на потребата и оправданоста од подготвување и доставување на надлежните органи посебен законски акт со кој ќе се уредат сите видови на заштита, сместување, згрижување како и меѓусебните права и односи на сите институции кои го вршат истото, или пак:
     - дополнување на одредбите од Законот за социјална заштита во делот на категоризација на старите лица и субјектите во зависност од видот на сместување, грижа и заштита/здравствена заштита, како и вклучување на сместувањето во пензионерски домови и клубови како облик на социјална заштита;
     - во рамките на Законот за социјална заштита и Законот за ПИО да се предвиди соработка и координација помеѓу Фондот за ПИОМ и надлежни институции во делот на згрижување по службена должност на лицата кои се сместени во пензионерските домови, а имаат потреба од друг вид на згрижување;
     - во рамките на мислењето кое министерството го доставува до Владата на РМ за носење на одлуки за основање на приватните установи за социјална заштита да се наведе видот и обемот на социјалната заштита на установата, како и утврдување на активности за склучување на управен договор на приватните установи со министерот;

2. МТСП како носител на активностите на Координативното тело за спроведување на стратегијата за стари лица да преземе мерки за:
   - ревизија и прилагодување на стратегијата во опфатот на облиците за сместување и згрижување, субјектите вклучени во истата, мерките и активности на носителите, расположливите капацитети и остварување на правата на старите лица;
   - сеопфатно утврдување на потребните средства за реализација на активностите во акциските планови за секое министерство и задолжените субјекти со утврдена финансиска поддршка од Буџетот на РМ/буџетите на ЕЛС и други;
   - склучување на меморандуми и протоколи за соработка помеѓу сите релевантни актери во стратегијата и воспоставување на дополнителни механизми за подигнување на степенот на социјалниот развој во планските региони, меѓуопштинска соработка и одржлив локален развој.

3. МТСП да ги преземе сите потребни мерки и активности за преиспитување и усогласување на критериумите на основа на кои се одвојуваат буџетските средства согласно постојните законски решенија и финансирање на јавните установи;

4. Надлежните органи во МТСП да го зголемат инспекцискиот надзор над исполнетоста на условите кои се однесуваат на простор, опрема и стручни кадри за вршење на дејноста на установи за стари лица, како и над работењето на дневните центри.

**Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа и општините**

5. МТСП во соработка со МЛС/општините да извршат анализи на состојбите и утврдат мерки и активности насочени кон:
   - зголемување на мрежата на домови за стари лица како и пензионерски домови со запазување на рамномерен пристап на капацитетите и услугите за сместување, како и продолжување на активностите за ширење на мрежата на вонинституционална заштита;
   - продолжување на поддршката и стимулирање на приватниот сектор/донатори да вложуваат во развој на капацитети за давање услуги за згрижување на старите лица освен на централно ниво и на локално ниво.

**Јавни установи - Домови за стари лица**:

1. Надлежните органи на сите јавни установи и основачите, да пристапат кон склучување на договор за уредување на начинот на давање на услуги и финансирање на установите;

2. Надлежните органи на сите јавни установи да обезбедат:
   - остварување на здравствената заштита во домовите за стари лица преку воспоставување на соработка со здравствените установи од примарната и секундарната здравствена заштита;
   - активности за подобрување на кадровската екипираност со потребниот кадар во согласност со систематизираните работни места;
   - планирање и реализација на активности за реконструкција и соодветна адаптација на сместувачките капацитети;
   - при формирање на цени кои се наплаќаат од корисниците да се земаат во предвид и планираните трошоци за инвестициони активности во установата.

3. Надлежните органи на ЈУ Дом за стари лица Сју Рајдер да извршат комплетирање на потребната документација за извршената реконструкција и пренесената сопственост на објектот и земјиштето од општина Битола и воспостават соодветна евиденција во деловните книги на установата.

**Фондот на ПИОМ**:

1. Надлежните органи на Фондот да преземат активности кои ќе обезбедат:
 - Преиспитување на потребата и оправданоста од подготвување и доставување на надлежните органи посебен законски акт со кој ќе се уредат сите видови на заштита, сместување, згрижување како и меѓусебните права и односи на сите институции кои го вршат истото, или пак:
   - доставување на предлог до МТСП, како надлежно министерство за регулирање на дејноста сместување во пензионерски домови и клубови за дневен престој;
   - доставување на предлог до надлежното министерство за измени и дополнувања на Законот за ПИОМ во насока на целосно регулирање на функцијата, финансирањето, надзорот и контролата над пензионерски домови, клубови за дневен престој и деловниот простор во пензионерските домови;
   - доставување на иницијатива до МТСП за регулирање на соработка и координација помеѓу Фондот за ПИОМ и надлежни институции во делот на згрижување по службена должност на лицата сместени во пензионерки домови, а имаат потреба од друг вид на згрижување;
 - целосно преиспитување и регулирање на статусот на сопственоста/правото на користење на недвижниот имот и објектите на пензионерските домови и клубови за дневен престој на ниво на РМ по пат на доставување на иницијатива преку МТСП до Владата на РМ;
 - дополнување на интерниот акт за начинот и условите за продажба, давање под закуп и трајно користење со функцијата и намената на деловниот простор во рамките на пензионерските домови и клубови за дневен престој.

2. Надлежните органи на Фондот да преземат активности во делот на:
 - подобрување на условите за живеење во пензионерските домови преку редовна контрола на капацитетите;
 - годишна проверка на имотната состојба на корисниците кои го оствариле правото за сместување согласно предвидените одредби од интерниот акт и дополнување на актот со доставување изјава за не поседување имот;
 - донесување на интерен акт со дефинирани криериуми и приоритети врз основа на кои ќе се темели изборот на пензионерски домови за инвестициони активности кои се вклучуваат во рамките на годишните Програми за тековно и инвестиционо одржување на објектите на Фондот;

3. Фондот во соработка со МТСП да планира средства за тековно одржување на пензионерските домови како посебна ставка во буџетот на Фондот и доволно финансиски средства за инвестициони активности.

4. Во рамките на Одделението за стопанисување со имот да се преземат активности за:
 - воспоставување надзор и контрола на пензионерските домови и клубови за дневен престој, со дефинирање на задолженија на одговорните лица, динамика и начин на известување;
 - целосен надзор над примена на одредбите од склучените договори за закуп на становите, особено во делот на доставување на уверение за психофизичката состојба на годишно ниво и контрола на лицата кои се сместени во домовите;

**Здруженија на пензионери и Сојузот на здруженија на пензионери**, да преземат мерки и активности за:

1. Целосно регулирање на дејноста сместување во пензионерски домови и клубови за дневен престој кај здруженијата кои управуваат со истите и за добивање на статус на организација од јавен интерес.

2. Утврдување на сопственоста на недвижниот имот.

3. Обезбедување на средства или поволности од државата за тековни и инвестициони активности во пензионерските домови.

4. Вршење контрола на условите во пензионерските домови и клубови за дневен престој, со дефинирање на лица за контрола и известување по тој основ.

279

СЗПМ

**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**
**UNION OF PENSIONERS' ASSOCIATIONS OF MACEDONIA**

Адреса : Бул.“ Кочо Рацин “ бр. 14 – Скопје - Македонија
Office: . Bul“ Koco Racin “ No. 14 – Skopje – Macedonija
ЕДБ: 4030982263086 ,Трансакциска с/ка:300000000953643 Комерцијална банка-Ск
www.szpm.org.mk administracija@szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk
Тел – Phone 3223 710 Факс – Fax 3128 390 П. фах – Po box 440

БРОЈ/NUMER - 119

ДАТУМ/DATE - 08.04.2016

До

Државен завод за ревизија

С К О П Ј Е

13.04.2016
15-279/14

Предмет: Мислење

Во врска со Нацрт- Извештајот од ревизија на успешност - ефикасност на преземените мерки,политики и активности за остварување на права од социјална заштита на стари лица во Република Македонија, институционално сместување во државни и пензионерски домови и клубови го даваме следното мислење:

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија е на мислење дека извршената ревизија за успешност на ефикасноста на мерките/политиките и активностите утврдени во законите/стратешките документи/програмите за остварување на правата од социјална заштита на старите лица во РМ, во однос на институционално и вонинституционално сместување во јавни установи, дневни центри, пензионерски домови и клубови е позитивна активност и извршени согледувања кои се во прилог на подигнување на квалитетот на живеењето на старите лица од повеќе аспекти.

Ревизијата и дадените мерки и препораки имаат за цел да придонесат и за подобрување на правната рамка за сместување, грижата, здравствената и институционалната заштита, првилно определување на субјектите како носители за финансирање на активностите насочени кон зголемување на постојната мрежа на домови за стари лица/пензионерски домови и подобрување на условите на постоечките капацитети.

Во препораките кои се дадени со дикција на заклучоци здруженијата на пензионери и Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија се задолжуваат за целосно регулирање на дејноста во врска со сместување во пензионерски домови и клубови за дневен престој кај здруженијата кои управуваат со истите и за добивање на статус на организација од јавен интерес. Сметаме дека е потребно во Извештајот посебно да се издвои обрвската за здруженијата на пензионери за целосно регулирање на дејноста бидејќи здруженијата на пензионери се самостојни правни лица и меѓу здруженијата и Сојузот постои хоризонтална организациона поставеност. Исто така, Сојузот смета дека добивање на статусот на организација од јавен интерес согласно Законот за здруженија и

фондации се стекнува со барање и е на доброволна основа. Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија може да препорачува, насочува, следи и координира активности кои се однесуваат на пензионерските домови и клубови со кои управуваат здруженијата.

По прашањето за утврдувањето на сопственоста на недвижниот имот, СЗПМ на своите членки – здруженија на пензионери има дадено насоки и препораки за поведување на постапки за утврдување на сопственоста со користење на матерјални докази за таа намена.

Што се однесува до мерката да се воспостави начин на распределба на средствата од членарината по здруженија согласно бројот на корисници на пензија е мерка која веќе непреччено функционира. Имено, врз основа на Договор за соработка на Фондот на ПИОМ и СЗПМ и актите на Одборот на Регистриранта организација за солидарен фонд и членарина во која членуваат 4-те сојузи на пензионери, членарината се дозначува согласно бројот на пензионери кои членуваат во едно здружение. Затоа Сојузот е на мислење оваа мерка треба да изостане од Извештајот бидејќи таа реално се спроведува и функционира од 2008 година.

Обезбедување на средствата или поволности од државата за тековни и инвестициони активности во пензионерските домови е околност која може да се оствари ако одредено здружение се стекне со статус од јавен интерес Во сегашни услови финансиска подршка може да обезбедува општината каде постои и егзистира здружението на пензионери,

Контролата во работата на пензионерските домови и клубови за дневен престој е значајно прашање и во Извештајот би требало поконкретно да биде дефинирано.

Според тоа сметаме дака дадените забелешки од страна на СЗПМ ќе бидат земени предвид при подготвување на конечниот текст на Извештајот.

Претседател на СЗПМ
Драги Аргировски

Секретар на ИО на СЗПМ
Станка Трајкова

033/1112 Максим

23-03 16

28.03.2016

15 279/13

ДО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

„Ул Македонија бр 12/3 С К О П Ј Е

Предмет:**известување**

Во врска со Вашето барање број 15-279/2 од 16-03-2016година,во однос Нацрт извештајот за извршена ревизија на ЗП за сместување на пензионери во пензионерските домови на Република Македонија.Ја поздравуваме вашата препорака за подобрување на квалитетот на живеење на старите лица во јавните установи,дневните центри,пензионерските дневни клубови,зголемување на капацитетите за пензионерски сместувања,финансиска подршка за подобрување на условите на постоечките капацитети,-капацитети кои се во изградба.

Поради промена на структурата на семејствата се губи можноста за традиционална семејна грижа во домашни услови за старите лица,затоа се создадени потреби за сместување на поквалитетен живот на старите лица-социјална заштита,сместување во пензионерските домови дневен престој во дневните клубови,отварање на нови пензионерски клубови во Република Македонија-5 клуба.Во овие домови е и нашиот пензионерски клуб во изградба.Вие како државен завод за ревизија успешно ја завршивте Вашата ревизија во нашето здружение Штип и Карбинци.Со доставување на вашиот прашалник во комуникација со вашата посета извршивме целосна анализа на работењето на нашето Здружение,сместување на пензионерите во 12 гарсоњери,дневниот престој на нашите пензионери во 7 Клубови(Клуб Три чешми,клуб баби,клуб 8 ноември ,клуб автокоманда,клуб сењак клуб Таринци и централен клуб).

ИЗВЕШТАЈОТ НА ДЗР во однос дали имаме забелшка на нацрт извештајот,Вие реално ги изнесовте во вашиот нацрт извештај,за состојбите на пензионерските капацитети на пензионерските здруженија во Р М.Го прифакам вашиот извештај во целост со една мала корекција на страна 42 од извештајот,што се однесува за домот во изградба досега се инвестирани 29.0000.00 милиони денари сопствени средства а не 29.000,00денари како што стои во вашиот извештај.

Со внимание и почит до ДЗР.

23-03-2016Година

Ш т и п

Председател на ЗПОШК

Михаил Василев

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ

**Одговор**
**на известување и мислење на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 28.03. и 13.04.2016 година добиени се известување односно мислење на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема Ефикасност на преземените мерки, политики и активности за остварување на права од социјална заштита на стари лица во РМ, институционално сместување во државни и пензионерски домови и клубови број 15-279/1 од 16 Март 2016 година, од претседателот на Здружение на пензионери на општините Штип и Карбинци г. Михаил Василев и претседателот на Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија г. Драги Аргировски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15 – 279/13 од 28.03.2016 година и 15 – 279/14 од 13.04.2016 година.

Известувањето и мислењето по Нацрт извештајот се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Информациите содржани во писмото доставено од Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци а се однесуваат на дадените препораки и начинот на вршењето на ревизијата преставува **известување** за позитивниот став на раководните лица на здружението за извршената ревизија и дадените препораки. Во делот на упатувањето за потребата од корекција на вредноста на инвестираните средства за изградба на нов пензионерски дом во точката 2.2.3., констатиравме дека нема потреба од истата, односно вредноста на вложените средства е соодветно и точно презентирани во извештајот на ОДР.

2. Информациите содржани во писмото доставено од Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија а се однесуваат на начинот на вршењето на ревизијата, потребата од истата и дадените препораки преставува **известување** за позитивниот став на раководните лица на сојузот за извршената ревизија и дадените препораки кои позитивно ќе влијаат на подобрување на квалитетот на живеење на стари лица.

3. Забелешката дадена на препораката под реден број 1 во делот на Здруженијата на пензионери и Сојузот на здруженија на пензионери, а се однесува на потребата од регулирање на дејноста и добивање на статус на организација од јавен интерес на Здруженијата на пензионери, **не се прифаќа.** Дадената препорака упатува на потребата од регулирање на дејноста „сместување во пензионерски домови и клубови за дневен престој“ од страна на здруженијата кои управуваат со истите и добивање на статус на организација од јавен интерес кој согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации нуди одредени поволности вклучувајќи ја и можноста на користење на финансиски средства за реализација на активностите. Дадената препорака во однос на сојузот е во насока на координирање на активностите со здруженијата.

4. Забелешката дадена на препорака број 2 во делот  на Здруженијата на пензионери и Сојузот на здруженија на пензионери која е поврзана со утврдената состојба на точката 2.1.6 и 2.2.3, а се однесува на прашањето за утврдување на сопственоста на недвижниот имот и потреба за дополнителни вложувања за подобрување на квалитет на живеење на корисниците, претставува **известување** дека Сојузот има постапено по препораката. Забелешката во делот на препораката „воспоставување начин на распределба на средствата од членарините по здруженија согласно бројот на корисниците на пензија“ **се прифаќа**, а дадена препорака соодветно прилагодена во конечниот извештај.

5. Забелешката на дадената препорака под број 4 во делот  на Здруженијата на пензионери и Сојузот на здруженија на пензионери, а се однесува на дадената препорака за зголемување на активностите кои се однесуваат на делегирање на надлежности за вршење на контрола на условите во пензионерските домови и клубови за дневен престој и соодветно известување **не се прифаќа**. Сметаме дека добро воспоставениот систем на контрола ќе обезбеди поефикасно функционирање на самите пензионерски домови и клубови за дневен престој.